# СОУ Гимназија „Добри Даскалов“
# Кавадарци

## Годишен извештај за воспитно-образовната работа на училиштето за учебната 2020/2021 година



Кавадарци, август 2021 година

# Содржина

Вовед........................................................................................................................................ 3

Наставници кои ја реализираа воспитно-образовната работа во учебната 2020/2021 година ............... 8

Раководен кадар, стручни соработници, наставници ................................................................... 8

Уписи во I година ........................................................................................................................ 12

Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот на учебната 2020/2021 год .. 14

Државна матура 2021 ................................................................................................................ 35

Интерен дел.............................................................................................................................. 37

Реализирани активности во текот на учебната 2020/2021 година ................................................ 45

ПРИЛОЗИ...................................................................................................................................68

Ментори на проектни активности, слободни часови и содржини програмирани од училиштето ......70

Раководители на паралелките.........................................................................................................70

Стручни активи и одговорни наставници.........................................................................................71

Реализација на наставата...............................................................................................................73

Дополнителна настава.....................................................................................................................74

Додатна настава..............................................................................................................................75

Ученици со учества и освоени награди од натпревари во учебната 2020/2021.....................................76

Ученици со над 10 неоправдани изостаноци ...................................................................................85

Ученици со над 100 оправдани изостаноци......................................................................................85

Ученици без изостаноци..................................................................................................................86

Ученици со Одличен успех (со просек 5.00) ......................................................................................90

# Вовед

Годишниот извештај за работата на СОУ Гимназија „Добри Даскалов” Кавадарци за учебната 2020/2021 година е синтетизиран приказ на постигањата на учениците, извршените работи и работни задачи на наставниците, стручната служба и раководниот тим.

Тој ги опфаќа реализираните активности планирани во Годишната програма на училиштето, како и други активности иницирани од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Локалната Самоуправа, раководниот тим на училиштето, стручните соработници и Ученичката заедница. Од нив се согледуваат реалните постигања на учениците, наставниците и на училиштето во целост, при што произлегуваат и предлог мерките за подобрување на истите.

Содржините, резултатите и активностите изнесени во извештајот се темелат врз показатели и податоци од:

- Извештаи од раководителите на паралелките;
- Извештаи од наставниците;
- Извештаи од стручните соработници;
- Записници и извештаи од стручните активи;
- Извештаи од раководниот тим.

Во реализацијата на програмата за работење на училиштето, активно учество земаа наставниците, учениците и родителите, а свој придонес со учество дадоа и голем број надворешни соработници од заедницата, соработници од универзитети, од многу основни и средни училишта во регионот, државата и надвор од неа, невладини организации.

Извештајот содржи бројни споредби на успехот на паралелките во однос на самите себе, споредби на изостанувањата, на поведението.

Годишниот извештај со неговата содржина покажува дека Годишната програма е речиси во целост реализирана. Значителен број активности и задачи се реализирани и извршени со потребниот квалитет и постигнати се поставените и очекуваните цели.

Согласно Календарот за изменување на Календарот за организација на учебната 2020/2021 година во јавните средни училишта (Службен весник на РСМ бр. 193/20 од 27 август 2020 година), наставната година започна на 1 октомври 2020 година со сите претходно реализирани неопходни активности за успешно одвивање на воспитно-образовниот процес.

Поради пандемијата од коронавирусот КОВИД-19, реализацијата на наставата во нашето училиште се одвиваше преку учење од далечина, односно онлајн. Наставниците и учениците за реализација на онлајн часовите ја користеа националната платформа Microsoft Teams, која е изготвена од страна на Министерството за образование и наука.

Согласно Решението за изменување на Наставните планови од страна на Министерството за образование и наука, а по предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и наука, се реализираа вкупно 145 работни денови за учениците од завршните години и 159 работни денови за учениците од прва, втора и трета година.

Навремено беа изготвени сите потребни документи за успешно организирање на воспитно-образовниот процес:

- Годишна програма за воспитно-образовната работа на училиштето,
- Распределба на задолжителните часови, проектните активности, слободните часови и содржините програмирани од училиштето по предметни наставници,
- Распоред на наставниците по паралелки, денови и часови,
- Распоред на простории за одржување онлајн настава за наставници,
- Распоред за дополнителна и додатна настава,
- Дополнителен распоред за изборните предмети (простор на одржување),
- Термини за индивидуални разговори со родители.

Сите наставници навремено ги доставија своите планирања, годишен глобален план, тематски планови и дневна подготовка во печатена и во електронска форма. Предметните наставници оваа учебна година ја реализираа онлајн наставата според скратените наставни програми изготвени и објавени од страна на Бирото за развој на образованието.

Во својата лична евиденција, на електронски медиум, наставниците ги имаат изготвено критериумите за оценување, дневните подготовки, планот за дополнителна и додатна настава, како и други е-материјали потребни за реализација на наставниот час (презентации, тестови, личен план за професиоален развој и сл.).

Во предвидениот рок, наставниците – ментори на проектни активности, содржини програмирани од училиштето и слободни часови, навремено доставија програма за работа и истата квалитетно започнаа да ја реализираат.

Директорот и стручната служба континуирано ја следеа работата на наставниците со проверка на педагошката документација на сите наставници.

Пред почетокот на учебната година и во текот на истата, беа направени сите неопходни активности за одржување на училиштето и училишниот двор:

- Варосување и целосно чистење на училиштето,
- Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор,
- Чистење и уредување на училиштниот двор,
- Санитарни прегледи за сите вработени во училиштето,
- Систематски прегледи за учениците од прва и трета година.

Во текот на месец септември - октомври 2020 година на сите ученици по паралелки и години им беа поделени:

- Бесплатните учебници,
- Ученичките книшки за учениците од прва година,
- Кодексот за однесување на ученици за настава со учење на далечина,
- Флаери за интеграција на еколошката програма,
- Флаери за термини и рокови за Државна матура за учениците од IV година,
- Флаери за подобрување на менталното здравје.

Во текот на учебната година во училиштето се започна со реализација на градежни работи, односно реновирање и реконструкција, како дел од приоритетната цел за подобрување на просторните услови и условите за работа во училиштето. Се реализираа следните градежни работи:

- Реновирање и реконструкција на санитарните јазли за учениците на приземје и на први спрат,
- Реконструкција на балетската сала со целосна пренамена за две училници,
- Реновирање на училиштната библиотека,
- Реновирање на ходникот на први спрат кој води до балетската сала,
- Промена на вратите на кабинетите на првиот спрат,
- Промена - поставување на ново осветлување со штедливи светилки во целото улилиште,
- Поставување – обновување на нова интернет мрежа на веќе постоечката мрежа,
- Набавка - доопремување на училници и кабинети со ИКТ опрема,
- Варосување на холовите и скалите во целото училиште,
- Замена на старите метални прозорци со нови прозорци и стакло на скаличниот дел кај санитарните јазли за учениците на приземје,
- Пренамена на кабинетот по ОНО во кабинет по информатика со инсталација на нова електрична и интернет инсталација,
- Промена на подот на 7 училници и кабинети и нивно целосно варосување,
- Поставување на целосно нова интернет мрежна инфраструктура во 14 училници на приземје и на први спрат, кадешто воопшто немаше поставено интернет мрежна инфраструктура,
- Доградба на една нова просторија за помошно-техничкиот персонал во холот на училиштето,
- Изградба на спортски терен со вештачка трева за мал фудбал и ракомет, како донација од СФК Карпошово од Скопје,
- Промена на вратите на училниците во стариот дел на приземје и на први спрат, како и промена на вратите на кабинетите на приземје.

Уписите за учениците во I година, за учебната 2020/2021 година поминаа во добра организација и со задоволителни резултати. Интересот за учење во нашето училиште беше голем, но се запишаа ученици само по условите предвидени со објавениот конкурс, и тоа: 158 ученици, во 7 паралелки, од кои 5 Гимназиски паралелки и 2 Стручни паралелки од Економско-правна и трговска струка, односно по 1 паралелка за профилот Економски техничар и 1 паралелка за профилот Правен техничар. Од нив 124 постигнале Одличен успех, 32 ученика постигнале Многу добар успех и 2 ученика постигнале Добар успех во завршаната година од основното училиште.

За полагање на Државна матура се пријавија вкупно 179 ученици од гимназиско и стручно образование, од кои 133 ученици се пријавија од гимназиско образование и 46 ученици се пријавија од стручното образование, односно 21 ученик од профилот Економски техничар и 25 ученици од профилот Правен техничар. За полагање на Училишна матура – гимназиско образование се пријавија 2 ученика, од кои 1 редовен и 1 вонреден

ученик. Оваа учебна година не се пријавија ученици за полагање на Завршен испит – стручно образование.

Учениците - матуранти согласно насоките од Правилникот за полагање Државна матура во предвидениот рок избраа наставен предмет и тема за изработка на проектна задача и ги пополнија пријавите и потврдите за полагање на екстерните и интерните испити.

Училишната матурска комисија (УМК) ги спроведе сите потребни активности за писмено и електронско пријавување на кандидатите во базата на податоци на Државниот испитен центар (ДИЦ).

Учениците согласно концепцијата за полагање државна матура, преку средствата за масовна комуникација, во периодот на месец март – април 2021 година, онлајн успешно ја одбранија проектната задача.

Државната матура се реализираше според претходно донесениот Протокол за постапување на средните училишта при реализација на испитите од државната матура во услови на пандемија од Ковид-19, донесен од страна на Министерството за образование и наука.

Сите ученици – матуранти согласно Календарот за организација навремено дојдоа и ги полагаа во предвидените испитни рокови екстерните и интерните испити од државна матура. Истите, матурантите ги полагаа во училиштето во писмена форма со физичко присуство. Текот и полагањето на сите предвидени испити од државната матура се одвиваше без никакви забелешки и проблеми.

Наставниот материјал се реализираше според претходно изготвените и планирани распределенија на наставниците согласно скратената наставна програма, потоа Упатството за реализација на скратените наставни програми и Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку учење од далечина, донесени од страна на Бирото за развој на образованието. И наставниот материјал и онлајн наставата се одвиваа без никакви проблеми и потешкотии. Учениците редовно се вклучуваа на онлајн часовите.

Направени се сите планирани тестови на знаења и писмени работи во најголем дел преку онлајн апликации, платформата Microsoft Teams, а мал дел со физичко присуство на учениците во училиштето, почитувајќи ги мерките на заштита од ширење на коронавирусот, со мерење температура, носење ракавици и заштитни маски, како и дезинфекција на рацете и одржување на потребното физичко растојание од 2 метра.

Предвидениот фонд на часови е, исто така, реализиран според годишното планирање. Сите ученици, во сите квалификациони периоди во учебната 2020/2021 година беа навремено оценети по сите наставни предмети. Според покажаниот успех сите ученици ја завршија годината.

На крајот на првото тримесечје двајца ученика од трета година го променија статусот од редовни во вонредни ученици поради подолго здравствено боледување и семејни причини.

Нема ученици кои ја повторуваа годината.

Раководниот орган и стручната служба направија увид во сите дневници на паралелките, како и во електронскиот дневник и констатираа дека педагошката евиденција се води редовно и уредно.

На крајот од учебната година постигнат е просечен успех 4,50 на ниво на училиште.

На ниво на години највисок просечен успех имаат учениците од II (втора) година 4,70, потоа учениците од IV (четврта) година 4,47, па учениците од I (прва) година 4,43 и учениците од III (трета) година 4,41.

На ниво на паралелки највисок просек имаат учениците од IV-5 клас 4,93, а најнизок просек имаат учениците од IV-6 клас 3,94.

И оваа учебна година нашите ученици земаа масовно учество на сите натпревари, училишни активности, воннаставни активности, одбележувања на значајни датуми. Резултатите што ги постигнаа се вредни за почит и уште еднаш го потврдуваат неизмерниот потенцијал што постои во нашите ученици и професионалниот и стручен наставен кадар.

Во продолжение следуваат учениците и освоените први, втори и трети места на Државни и Меѓународни натпревари, а останатите учества и награди се прикажани во Прилог во Табеларен преглед во овој Годишен Извештај:

- Мајкл Георгиевски – освоено Прво место на Државен натпревар по Математика,
- Бошко Бошков – освоено Второ место на Државен натпревар по Математика,
- Катерина Јованова – освоено Трето место на Државен натпревар по Англиски јазик,
- Бошко Бошков – освоено Прво место на Државен натпревар по Физика,
- Мајкл Георгиевски – освоено Второ место на Државен натпревар по Физика,
- Томе Ѓондев – освоено Прво место на Државен натпревар по Биологија,
- Благој Трајков – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија,
- Мајкл Георгиевски – освоено Прво место на Државен натпревар по Информатика,
- Стефан Милков – освоено Трето место на Државен натпревар по Информатика,
- Трајче Мукаетов – освоено Трето место на Меѓународен натпревар за Веб дизајн,
- Стефан Трајанов – освоено Трето место на Меѓународен натпревар за Веб дизајн,
- Рената Малевска – освоено Второ место на Државен натпревар за Интервју за работа.

Дневникот за работа на паралелката континуирано и задолжително се водеше и во електронска форма (Е-дневник) преку веб апликација која ја администрира Министерството за образование и наука.

Официјалната веб страна на училиштето www.dobridaskalov.edu.mk постојано се ажурираше со квалитетни содржини од активности на учениците и наставниците, важни публикации, документи, слики, видео-материјали, содржини на Moodle, соопштенија и сл.

Учениците од стручното образование, од економско-правна и трговска струка, со профилите економски техничар и правен техничар, реализираа дел од практичната настава надвор од училиштето, односно во други институции, согласно нивните годишни планирања.

Исто така, за учениците од стручното образование се реализираше и Феријална практика. Согласно новиот наставен план за реформирано модуларно дизајнирано стручно образование, феријалната практика ја реализираа учениците од I (прва) и II (втора) година, струка: Економија, право и трговија.

Феријалната практика учениците ја реализираа во институциите и јавните претпријатија коишто се во надлежност на Општина Кавадарци.

Директорката на училиштето ги награди учениците кои освоија високи резултати на државните и меѓународните натпревари со комплет книги и благодарници.

Наставната година преку далечинско учење заврши на 10 јуни 2021 година, освен за учениците од завршната година за кои редовната настава согласно Календарот за работа и организација заврши на 20 мај 2021 година.

Извештајот со содржината покажува дека Годишната програма е речиси во целост реализирана. И оваа учебна година беа спроведени и реализирани и некои други проекти и активности кои што претходно не беа планирани со програмата. Значителен број активности и задачи се реализирани и извршени со потребниот квалитет и постигнати се поставените и очекуваните цели.

## Наставници кои ја реализираа воспитно-образовната работа во учебната 2020/2021 година

### Раководен кадар, стручни соработници, наставници

**Раководен кадар:**
Директор: Јасмина Чулева, дипломиран професор по англиски јазик и книжевност
Помошник директор: Фиданка Илова, дипломиран професор по математика

**Стручни соработници:**
Училиштен психолог: Душанка Иванова, дипломиран психолог
Училиштен педагог: Јасминка Ризова, дипломиран педагог
Библиотекар: Александар Јорданов, дипломиран професор по општонародна одбрана.

Табела 1. Наставници кои ја реализираа воспитно-образовната работа

| Р.б. | Презиме и име на Наставникот | Образование | Предмет кој го предава | Бр. на наст. часови |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Манева Катица | Проф.по истор. на книжев. на народ.на СФРЈ со македонски јазик | Македонски јазик и литература | 21 |
| 2. | Еленова Гордана | Проф.по истор.на книжев.на народ. на СФРЈ со македонски јазик | Македонски јазик и литература | 21 |

| Р.б. | Презиме и име на Наставникот | Образование | Предмет кој го предава | Бр. на наст. часови |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Јосифова Ристенка | Проф.по истор.на книжев.на народ. на СФРЈ со макед. јазик | Македонски јазик и литература | 21 |
| 4. | Прокопов Костадин | Проф. по македонска книжев. и јужнослов. книжев. со макед. јазик | Македонски јазик и литература, Говорење и пишување | 21 |
| 5. | Кочов Кочо | Проф. по македонска книжев. и јужнослов. Книжевности | Македонски јазик и литература | 21 |
| 6. | Петкова Васка | Проф. по македонски јазик и книжевност | Македонски јазик и литература, Говорење и пишување | 13 |
| 7. | Петкова Силвана | Професор по математика | Математика | 21 |
| 8. | Поп-Ангелова Невенка | Професор по математика и информатика | Математика, Информатика | 21 |
| 9. | Попова Соња | Професор по математика | Математика, Математичка анализа | 22 |
| 10. | Дичова Лилјана | Професор по математика | Математика, Математика за економисти, Линеарна алгебра и аналитичка геометрија | 21 |
| 11. | Илова Фиданка | Професор по математика | Математика | 20 |
| 12. | Милевски Зоран | Магистер по компјутерски науки, Дипломиран професор по информатика, Дипломиран инженер по информатика | Информатика, Информатичка технологија, Програмски јазици | 23 |
| 13. | Лазова Благородна | Дипломиран инженер по електротехника | Информатика, Информатичка технологија, Програмски јазици | 21 |
| 14. | Трајкова Роска | Проф. по англиски ј. и književност | Англиски јазик | 21 |
| 15. | Анѓушева-Чаушева Ленча | Проф. по англиски ј. и книжевност | Англиски јазик | 21 |
| 16. | Петреска Александра | Проф. по англиски ј. и книжевност | Англиски јазик | 22 |

| Р.б. | Презиме и име на Наставникот | Образование | Предмет кој го предава | Бр. на наст. часови |
|---|---|---|---|---|
| 17. | Шемова Цветанка | Проф. по англиски ј. и книжевност | Англиски јазик | 20 |
| 18. | Несторова-Мицев Светлана | Проф. по француски ј. и книжевност | Француски јазик | 20 |
| 19. | Косовска Христинка | Дипломиран класичен филолог | Латински јазик | 10 |
| 20. | Костова Анастазија | Проф. по германски ј. и книжевност | Германски јазик | 21 |
| 21. | Таневска Васка | Проф. по германски ј. и книжевност | Германски јазик | 21 |
| 22. | Јованова Зорица | Проф. по германски ј. и книжевност | Германски јазик | 6 |
| 23. | Крстева Кристина | Дипломиран проф. по физика | Физика | 22 |
| 24. | Атанасов Живко | Дипломиран проф. по физика | Физика | 20 |
| 25. | Коцева Богде | Дипломиран биолог | Биологија | 21 |
| 26. | Иговска Елизабета | Дипломиран биолог | Биологија | 21 |
| 27. | Пецова Даница | Дипломиран професор по хемија | Хемија | 21 |
| 28. | Убавкова Магдалена | Дипломиран инженер по хемија | Хемија | 21 |
| 29. | Димитрова Валентина | Дипломиран проф. по географија | Географија | 21 |
| 30. | Кузманова Данче | Дипломиран проф. по географија | Географија | 6 |
| 31. | Сирмев Зоран | Дипломиран проф. по географија | Географија,<br>Економска географија | 2 |
| 32. | Пановски Горан | Проф. по историја | Историја | 21 |
| 33. | Матакова Наташа | Дипломиран проф. по историја | Историја | 21 |
| 34. | Стамаџиев Крсте | Дипломиран проф. по историја | Историја | 2 |
| 35. | Бошкова Елизабета | Проф. по филозофија | Филозофија,<br>Логика | 21 |

| Р.б. | Презиме и име на Наставникот | Образование | Предмет кој го предава | Бр. на наст. часови |
|---|---|---|---|---|
| 36. | Иванова Душанка | Дипломиран психолог | Деловна психологија | 2 |
| 37. | Попов Славе | Дипломиран социолог | Социологија | 21 |
| 38. | Амишева Александра | Дипломиран социолог | Социологија | 12 |
| 39. | Велков Блаже | Дипломиран професор по физичка култура | Спорт и спортски активности | 21 |
| 40. | Клинчаров Блашко | Дипломиран професор по физичка култура | Спорт и спортски активности | 21 |
| 41. | Пецов Тимче | Дипломиран професор по физичка култура | Спорт и спортски активности | 20 |
| 42. | Шиков Илија | Дипломиран професор по физичка култура | Спорт и спортски активности | 21 |
| 43. | Вељковиќ Драган | Дипломиран музичар теоретичар – педагог | Музичка уметност | 21 |
| 44. | Кеков Ванчо | Дипломиран професор по ликовна уметност и графика | Ликовна уметност | 20 |
| 45. | Тодоровски Трајче | Дипломиран економист | Економски предмети | 20 |
| 46. | Давчева Лоска | Дипломиран економист | Економски предмети | 21 |
| 47. | Петров Костадинчо | Дипломиран економист | Економски предмети | 21 |
| 48. | Делова Жанета | Дипломиран економист | Економски предмети | 21 |
| 49. | Станоевска Љубица | Дипломиран правник | Правни предмети | 20 |
| 50. | Стојанова Слободанка | Дипломиран правник | Правни предмети | 20 |
| 51. | Ристова Александра | Дипломиран правник | Правни предмети | 21 |
| 52. | Ралевска Татјана | Дипломиран правник | Правни предмети | 20 |

## Уписи во I година

Уписите за учениците во I (прва) година, за учебната 2020/2021 година се навремено организирани и спроведени и добиени се задоволителни резултати.

Запишани се вкупно 158 ученици во 7 паралелки, од кои 5 се гимназиски паралелки и 2 паралелки се стручни паралелки од Економско-правна и трговска струка, односно 1 паралелка од профилот Економски техничар и 1 паралелка од профилот Правен техничар.

Интересот и оваа година беше на задоволително ниво. Од други населени места запишани се вкупно 25 ученици, и тоа: 7 ученици од Росоман, 1 ученик од Демир Капија, 5 ученици од Неготино, 9 ученици од Ваташа, 1 ученик од Бегниште и 2 ученици од Возарци.

Во гимназиско образование се запишале вкупно 125 ученици, од кои 52 машки и 73 женски. Во стручното образование во економско-правна и трговска струка се запишале вкупно 33 ученици, од кои за правен техничар 3 машки и 12 женски, и за економски техничар 8 машки и 10 женски. По однос на полот запишани се вкупно 63 машки и 95 женски ученици.

Табела 1. Преглед на учениците по пол

| **Пол** | **Гимназиско образование** | **Стручно образование** | | **ВКУПЕН број на ученици** |
|---|---|---|---|---|
| | | **Правен техничар** | **Економски техничар** | |
| Машки | 52 | 3 | 8 | **63** |
| Женски | 73 | 12 | 10 | **95** |

Успехот што го постигнале во основно училиште е следниот:

Табела 2. Успех од VI до IX одделение

| **Успех од VI до IX одделение** | **Гимназиско образование** | **Стручно образование** | | **ВКУПЕН број на ученици** |
|---|---|---|---|---|
| | | **Правен техничар** | **Економски техничар** | |
| Со просек 5.00 | 63 | 2 | 2 | **67** |
| Одлични | 40 | 5 | 12 | **57** |
| Мн. Добри | 21 | 6 | 4 | **32** |
| Добри | / | 2 | / | **2** |

Просечниот успех на учениците во основните училишта е следен:

Табела 3. Просечен успех

| Просечен успех од VI до IX одделение | Гимназиско образование | Стручно образование | | Вкупен просек |
|---|---|---|---|---|
| | | Правен техничар | Економски техничар | |
| | **4,82** | **4,32** | **4,64** | **4,59** |

Табела 4. Среден успех на ученици по училишта

| Успех од VI до IX одд. по училишта | Со просек 5.00 | Одлични | Мн. добри |
|---|---|---|---|
| Д. А. Габерот - Кавадарци | 12 + / + / | 3 + 2 + / | 1 + 1 + / |
| Д. А. Габерот - Ваташа | 2 + / + / | 5 + / + / | 2 + / + / |
| Гоце Делчев - Кавадарци | 18 + /+ / | 8 + 5 + 2 | 3 + 1+ 2 |
| Гоце Делчев - Неготино | 1 + / + / | 2 + 2 + / | / + / + / |
| Пере Тошев - Росоман | 3 +1 + 1 | 1+ / + / | /+ / + 1 |
| Страшо Пинџур - Кавадарци | 6 + / + / | 2+ /+ / | 3 + / + 3 |
| Т. Х. Тефов - Кавадарци | 9 + / + / | 9+ 2 + 2 | 8+ 2 + / |
| Т. В. Пепето - Кавадарци | 11 + 1 + 1 | 10 + 1 +1 | 5 + /+ / |
| Д. А. Габерот - Демир Капија | 1 + / + / | / + / + / | / + / + / |

**Легенда:**
Гимназиско образование **+** економски техничар **+** правен техничар

Табела 5. Преглед по јазици што ги изучувале учениците запишани во I година во учебната 2020/2021 година

| Странски јазик | Гимназиско образование | Стручно образование | | Вкупен број на ученици |
|---|---|---|---|---|
| | | Правен техничар | Економски техничар | |
| I Англиски јазик | 125 | 15 | 18 | 158 |
| II Германски јазик | 110 | 9 | 15 | 134 |
| II Француски јазик | 15 | 6 | 3 | 24 |

Во гимназиското образование последниот рангиран ученик беше со вкупно 60,44 поени, во Економски техничар последниот рангиран ученик беше со вкупно 56,44 поени и во Правен техничар последниот рангиран ученик беше со вкупно 54,95 поени.

## Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот на учебната 2020/2021 година

### 1. Бројна состојба на учениците

Табела 1. Бројна состојба на учениците по години и пол

| Пол | I - прва година | II - втора година | III - трета година | IV - четврта година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Машки** | 64 | 63 | 73 | 73 | **273** |
| **Женски** | 94 | 88 | 112 | 107 | **401** |
| Вкупно | **158** | **151** | **185** | **180** | **674** |

Табела 1.2 Бројна состојба на учениците по години и пол во гимназиското образование

| **Гимназиско образование** | **I - прва** | | **II - втора** | | **III - трета** | | **IV - четврта** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| Број на ученици | 53 | 72 | 48 | 56 | 57 | 74 | 52 | 82 | **210** | **284** |
| Вкупно | **125** | | **104** | | **131** | | **134** | | **494** | |

Табела 1.3 Бројна состојба на учениците по години и пол во економско-правна и трговска струка

| **Економско-правна и трговска струка** | **I - прва** | | **II - втора** | | **III - трета** | | **IV - четврта** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| Број на ученици | 11 | 22 | 15 | 32 | 16 | 38 | 21 | 25 | **63** | **117** |
| Вкупно | **33** | | **47** | | **54** | | **46** | | **180** | |

Гимназиско образование ------------------------ 125 + 104 + 131 + 134 = 494

Економско-правна и трговска струка ---------- 33 + 47 + 54 + 46 = 180

Вкупно --------------------------------------------------- 158 + 151 + 185 + 180 = 674

Табела 1.4 Бројна состојба на учениците во гимназиско образование по изборни подрачја

| Р.бр. | Изборни подрачја | I година | II година | III година | IV година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Општествено - хуманистичко А | 30 | 20 | 36 | 48 |
| 2. | Општествено - хуманистичко Б | 18 | / | / | / |
| 3. | Природно - математичко А | 64 | 63 | 56 | 46 |
| 4. | Природно - математичко Б | 13 | 21 | 39 | 40 |
| | **Вкупно** | **125** | **104** | **131** | **134** |

Табела 2.  Бројна состојба на учениците по вид на образование

| Гимназиско образование | | | | Стручно образование | | | | | | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | **Изборни подрачја:** општествено-хуманистичко и природно-математичко | | | Економски техничар | | | Правен техничар | | | Економско, правна и трговска струка | | | Гимназиско и стручно образование | | |
| | **Вк.** | **М** | **Ж** | **Вк.** | **М** | **Ж** | **Вк.** | **М** | **Ж** | **Вк.** | **М** | **Ж** | **Вк.** | **М** | **Ж** |
| **I** | **125** | 53 | 72 | 18 | 8 | 10 | 15 | 3 | 12 | **33** | 11 | 22 | **158** | 64 | 94 |
| **ОХ-А** | 30 | 13 | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30 | 13 | 17 |
| **ОХ-Б** | 18 | 3 | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18 | 3 | 15 |
| **ПМ-А** | 64 | 35 | 29 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 64 | 35 | 29 |
| **ПМ-Б** | 13 | 2 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 | 2 | 11 |
| **II** | **104** | 48 | 56 | 30 | 10 | 20 | 17 | 5 | 12 | **47** | 15 | 32 | **151** | 63 | 88 |
| **ОХ-А** | 20 | 8 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20 | 8 | 12 |
| **ПМ-А** | 63 | 36 | 27 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 63 | 36 | 27 |
| **ПМ-Б** | 21 | 4 | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21 | 4 | 17 |
| **III** | **131** | 57 | 74 | 31 | **12** | **19** | 23 | 4 | 19 | **54** | 16 | 38 | **185** | 73 | 112 |
| **ОХ-А** | 36 | 17 | 19 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 36 | 17 | 19 |
| **ПМ-А** | 56 | 32 | 24 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 56 | 32 | 24 |
| **ПМ-Б** | 39 | 8 | 31 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 39 | 8 | 31 |
| **IV** | **134** | 52 | 82 | 21 | 15 | 6 | 25 | 6 | 19 | **46** | 21 | 25 | **180** | 73 | 107 |
| **ОХ-А** | 48 | 21 | 27 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 48 | 21 | 27 |
| **ПМ-А** | 46 | 19 | 27 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 46 | 19 | 27 |
| **ПМ-Б** | 40 | 12 | 28 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40 | 12 | 28 |
| **Сѐ вкупно** | **494** | **210** | **284** | **100** | **45** | **55** | **80** | **18** | **62** | **180** | **63** | **117** | **674** | **273** | **401** |

Табела 3.  Ученици според припадност на етничката заедница по години

| Година | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Турци | | | Муслимани | | | Вкупно ученици | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | вк. | М | Ж | вк. | М | Ж | вк. | М | Ж | вк. | М | Ж | вк. | М | Ж | вк. |
| **I** | 63 | 94 | **157** | 1 | / | **1** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | / | **/** | **64** | **94** | **158** |
| **II** | 63 | 87 | **150** | / | / | **/** | / | / | **/** | / | 1 | **1** | / | / | **/** | **63** | **88** | **151** |
| **III** | 71 | 112 | **183** | 1 | / | **1** | / | / | **/** | 1 | / | **1** | / | / | **/** | **73** | **112** | **185** |
| **IV** | 72 | 106 | **178** | 1 | 1 | **2** | / | / | **/** | / | / | **/** | **/** | / | **/** | **73** | **107** | **180** |
| **Вкупно** | **269** | **399** | **668** | **3** | **1** | **4** | **/** | **/** | **/** | **1** | **1** | **2** | **/** | **/** | **/** | **273** | **401** | **674** |

Од вкупно 674 ученици на ниво на училиште, 668 ученици се Македонци, а 6 ученици се од друга етничка заедница.

Табела 4.   Бројна состојба на учениците по години,  паралелки, пол, изостаноци, просечен број изостаноци и просечен успех

| Клас | М | Ж | Вкупно | Оправ. | Неоп. | Вкупно изоста. | Пр.бр. изо. | Пр.бр. опр. | Пр.бр. нео. | Просе. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I-1 | 13 | 17 | 30 | 97 | 26 | 123 | 4,10 | 3,23 | 0,87 | 4,18 |
| I-2 | 3 | 15 | 18 | 155 | 5 | 160 | 8,89 | 8,61 | 0,28 | 3,98 |
| I-3 | 17 | 11 | 28 | 57 | 0 | 57 | 2,04 | 2,04 | 0,00 | 4,90 |
| I-4 | 13 | 13 | 26 | 25 | 0 | 25 | 0,96 | 0,96 | 0,00 | 4,87 |
| I-5 | 7 | 16 | 23 | 68 | 0 | 68 | 2,96 | 2,96 | 0,00 | 4,75 |
| I-6 | 8 | 10 | 18 | 280 | 39 | 319 | 17,72 | 15,56 | 2,17 | 4,30 |
| I-7 | 3 | 12 | 15 | 154 | 38 | 192 | 12,80 | 10,27 | 2,53 | 4,02 |
| | **64** | **94** | **158** | **836** | **108** | **944** | **7,07** | **6,23** | **0,83** | **4,43** |
| II-1 | 8 | 12 | 20 | 154 | 12 | 166 | 8,30 | 7,70 | 0,60 | 4,56 |
| II-2 | 12 | 8 | 20 | 51 | 0 | 51 | 2,55 | 2,55 | 0,00 | 4,91 |
| II-3 | 15 | 6 | 21 | 215 | 4 | 219 | 10,43 | 10,24 | 0,19 | 4,67 |
| II-4 | 9 | 13 | 22 | 134 | 0 | 134 | 6,09 | 6,09 | 0,00 | 4,88 |
| II-5 | 4 | 17 | 21 | 232 | 0 | 232 | 11,05 | 11,05 | 0,00 | 4,87 |
| II-6 | 10 | 20 | 30 | 124 | 0 | 124 | 4,13 | 4,13 | 0,00 | 4,65 |
| II-7 | 5 | 12 | 17 | 95 | 0 | 95 | 5,59 | 5,59 | 0,00 | 4,37 |
| | **63** | **88** | **151** | **1005** | **16** | **1021** | **6,88** | **6,76** | **0,11** | **4,70** |
| III-1 | 9 | 19 | 28 | 199 | 34 | 233 | 8,32 | 7,11 | 1,21 | 4,38 |
| III-2 | 14 | 15 | 29 | 158 | 26 | 184 | 6,34 | 5,45 | 0,90 | 4,30 |
| III-3 | 6 | 18 | 24 | 198 | 1 | 199 | 8,29 | 8,25 | **0,04** | 4,56 |
| III-4 | 16 | 12 | 28 | 130 | 16 | 146 | **5,21** | **4,64** | 0,57 | **4,68** |
| III-5 | 12 | 10 | 22 | 228 | 87 | 315 | **14,32** | **10,36** | **3,95** | 4,53 |
| III-6 | 12 | 19 | 31 | 197 | 46 | 243 | 7,84 | 6,35 | 1,48 | **4,01** |
| III-7 | 4 | 19 | 23 | 222 | 4 | 226 | 9,83 | 9,65 | 0,17 | 4,39 |
| | **73** | **112** | **185** | **1332** | **214** | **1546** | **8,59** | **7,40** | **1,19** | **4,41** |
| IV-1 | 12 | 21 | 33 | 317 | **22** | 339 | 10,27 | 9,61 | **0,67** | 4,47 |
| IV-2 | 10 | 13 | 23 | 364 | 48 | 412 | 17,91 | 15,83 | 2,09 | 4,89 |
| IV-3 | 8 | 18 | 26 | 197 | 46 | **243** | **9,35** | **7,58** | 1,77 | 4,67 |
| IV-4 | 13 | 16 | 29 | 438 | 67 | 505 | 17,41 | 15,10 | 2,31 | 4,35 |
| IV-5 | 9 | 14 | 23 | 437 | 33 | 470 | 20,43 | 19,00 | 1,43 | **4,93** |
| IV-6 | 15 | 6 | 21 | 543 | 118 | **661** | **31,48** | **25,86** | **5,62** | **3,94** |
| IV-7 | 6 | 19 | 25 | **610** | 27 | 637 | 25,48 | 24,40 | 1,08 | 4,02 |
| | **73** | **107** | **180** | **2906** | **361** | **3267** | **18,90** | **16,72** | **2,14** | **4,47** |
| **Вкуп.** | **273** | **401** | **674** | **6079** | **699** | **6778** | **10,06** | **9,02** | **1,04** | **4,50** |

Просечниот успех на ниво на училиште е 4,50.
Минатата година бил 4,38, а предминатата година бил 4,25.

Изминатите учебни години: (4,16) (4,06), (3,93), (3,98), (4,00), (4,03).
Просечниот успех во гимназиското образование е 4,59 , а во стручното образование 4,22.

На ниво на години највисок просечен успех имаат учениците од II (втора) година 4,70, потоа учениците од IV (четврта) година 4,47, па учениците од I (прва) година 4,43 и учениците од III (трета) година 4,41.

На ниво на паралелки највисок просек имаат учениците од IV-5 клас 4,93, а најнизок просек имаат учениците од IV-6 клас 3,94.

Графикон 1. Споредба на просечниот успех во учебните 2018/19, 2019/20 и 2020/21 година



## 2. Успех на учениците

Табела 1. Преглед на просечниот училиштен успех на учениците по години и паралелки на крајот на учебната 2020/2021 година

| Клас | Просечен успех | Клас | Просечен успех |
|---|---|---|---|
| **I-1** | 4,18 | **II-1** | 4,56 |
| **I-2** | 3,98 | **II-2** | 4,91 |
| **I-3** | 4,90 | **II-3** | 4,67 |
| **I-4** | 4,87 | **II-4** | 4,88 |
| **I-5** | 4,75 | **II-5** | 4,87 |
| **I-6** | 4,30 | **II-6** | 4,65 |
| **I-7** | 4,02 | **II-7** | 4,37 |
| | **4,43** | | **4,70** |
| **Клас** | **Просечен успех** | **Клас** | **Просечен успех** |
| **III-1** | 4,38 | **IV-1** | 4,47 |
| **III-2** | 4,30 | **IV-2** | 4,89 |
| **III-3** | 4,56 | **IV-3** | 4,67 |
| **III-4** | **4,68** | **IV-4** | 4,35 |
| **III-5** | 4,53 | **IV-5** | **4,93** |
| **III-6** | **4,01** | **IV-6** | **3,94** |
| **III-7** | 4,39 | **IV-7** | 4,02 |
| | **4,41** | | **4,47** |
| **4,50** | | | |

Во ПРВА година просечниот успех изнесува **4,43.**

Во ВТОРА година просечниот успех изнесува **4,70.**

Во ТРЕТА година просечниот успех изнесува **4,41.**

Во ЧЕТВРТА година просечниот успех изнесува **4,47.**

**На ниво на училиште просечниот успех е 4,50.**

Графикон 2.   Просечен успех на паралелките на крајот на учебната 2020/2021 година




Табела 2.  Успехот на учениците на крајот на учебната 2020/2021 година

| **Успех** | **Прва** | | **Втора** | | **Трета** | | **Четврта** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **%** | **Вкупно** | **%** | **Вкупно** | **%** | **Вкупно** | **%** | **Вкупно** | **%** |
| **Одлични** | 109 | **68,99** | 123 | **81,46** | 114 | **61,62** | 128 | **71,11** | **476** | **70,62** |
| **Мн.добри** | 29 | **18,35** | 24 | **15,89** | 50 | **27,03** | 32 | **17,78** | **134** | **19,88** |
| **Добри** | 20 | **12,66** | 3 | **1,99** | 18 | **9,73** | 19 | **10,56** | **59** | **8,75** |
| **Доволни** | 0 | **0** | 1 | **0,66** | 3 | **1,62** | 1 | **0,55** | **5** | **0,74** |
| **Вкупно** | 158 | **100** | 151 | **100** | 185 | **100** | 180 | **100** | 674 | **100** |
| **Вкупно ученици** | **158** | | **151** | | **185** | | **180** | | **674** | |

Најголем процент од учениците 70,62 % имаат Одличен успех, Многу добар успех имаат 19,88 % од учениците, Добар успех имаат 8,75 % од учениците и Доволен успех имаат 0,74 % од учениците.

Графикон 3.  Општиот успех во учебната 2020/2021 година




Табела 3.  Успех на учениците по пол на крајот на учебните 2019/2020 и 2020/2021 година

| Успех | 2019/2020 година | | | | | | 2020/2021 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | % | Ж | % | Вкупно | % | М | % | Ж | % | Вкупно | % |
| **Одлични** | 151 | **54,32** | 267 | **68,46** | **418** | **42,57** | **175** | **64,10** | **301** | **75,06** | **476** | **70,62** |
| **Многу добри** | 67 | **24,10** | 87 | **22,31** | **154** | **23,05** | **60** | **21,98** | **74** | **18,45** | **134** | **19,88** |
| **Добри** | 54 | **19,42** | 36 | **9,23** | **90** | **13,47** | **35** | **12,82** | **24** | **5,99** | **59** | **8,75** |
| **Доволни** | 6 | **2,16** | 0 | **0** | **6** | **0,90** | **3** | **1,10** | **2** | **0,50** | **5** | **0,74** |
| **Вкупно** | **278 (279)** | | **390 (391)** | | **668 (670)** | | **273** | | **401** | | **674** | |

Во однос на полот и во учебната 2019/2020 и учебната 2020/2021 година, најголем процент и кај машките и кај женските ученици имаат Одличен успех.

Графикон 4.  Споредба на успехот по пол на крајот од наставната 2020/2021 година




Табела 3.1   Успех на учениците по пол и години на крајот на учебната 2020/2021 година

| Успех | Прва | | | Втора | | | Трета | | | Четврта | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | Вк. | м | ж | Вк. | м | ж | Вк. | м | ж | Вк. | Вкупно | % |
| **Одлични** | 45 | 64 | **109** | 47 | 76 | **123** | 36 | 78 | **114** | 45 | 83 | **128** | **476** | **70,62** |
| **Мн.добри** | 6 | 23 | **29** | 13 | 11 | **24** | 26 | 24 | **50** | 16 | 16 | **32** | **134** | **19,88** |
| **Добри** | 13 | 7 | **20** | 3 | 0 | **3** | 8 | 10 | **18** | 12 | 7 | **19** | **59** | **8,75** |
| **Доволни** | 0 | 0 | **0** | 0 | 1 | **1** | 3 | 0 | **3** | / | 1 | **1** | **5** | **0,74** |
| **Вкупно** | **64** | **94** | **158** | **63** | **88** | **151** | **73** | **112** | **185** | **73** | **107** | **180** | **674** | **100** |

Табела 4. Успехот на учениците од прва година по паралелки и предмети

| **Р.б.** | **Предмети** | **I-1** | **I-2** | **I-3** | **I-4** | **I-5** | **I-6** | **I-7** | **Просек по предмет** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 4,13 | 3,61 | 4,96 | 4,92 | 4,83 | 4,00 | 3,60 | 4,29 |
| 2. | Математика | 4,03 | 3,72 | 4,82 | 4,84 | 4,69 | 3,78 | 3,07 | 4,14 |
| 3. | Англиски прв јазик | **3,33** | 3,61 | **4,68** | 4,84 | 4,61 | 3,61 | 3,20 | 3,98 |
| 4. | Германски втор јазик | 3,48 | **3,22** | 4,75 | **4,53** | 4,63 | 3,53 | **3,00** | 3,88 |
| 5. | Француски втор јазик | **5,00** | 3,50 | / | / | / | 4,33 | 4,00 | 4,21 |
| 6. | Историја | 4,13 | 3,66 | 4,93 | 4,92 | **4,16** | 4,56 | 4,07 | 4,35 |
| 7. | Географија | 4,57 | 4,38 | 4,96 | 4,96 | 4,87 | / | / | 4,75 |
| 8. | Физика | 4,63 | 4,50 | 4,96 | **5,00** | **4,95** | / | / | 4,81 |
| 9. | Хемија | 4,20 | 3,77 | 4,76 | 4,61 | 4,65 | / | / | 4,40 |
| 10. | Биологија | 3,77 | 3,55 | 4,85 | 4,92 | 4,87 | / | / | 4,39 |
| 11. | Информатика | 4,30 | 3,88 | **5,00** | 4,92 | 4,78 | 4,67 | 4,27 | 4,55 |
| 12. | Спорт и спортски активности | 4,97 | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **4,95** | **4,89** | **4,87** | **4,95** |
| 13. | Ликовна уметност | 4,50 | 4,61 | **5,00** | **5,00** | **4,95** | 4,67 | 4,47 | 4,74 |
| 14. | Музичка уметност/култура | 4,20 | 4,33 | **5,00** | 4,84 | 4,78 | 4,61 | 4,53 | 4,61 |
| 15. | Граѓанско образование | / | / | / | / | / | 4,78 | 4,67 | 4,73 |
| 16. | Претприемништво и бизнис | / | / | / | / | / | 4,50 | 4,40 | 4,45 |
| 17. | Деловна комуникација | / | / | / | / | / | 4,61 | 4,73 | 4,67 |
| 18. | Право и државно уредување | / | / | / | / | / | **3,39** | 3,53 | **3,46** |
| 19. | Економска географија | / | / | / | / | / | 4,61 | / | 4,61 |
| | **Просек по паралелка** | **4,18** | **3,98** | **4,90** | **4,87** | **4,75** | **4,30** | **4,02** | **4,43** |

На ниво на ПРВА година највисок просечен успех имаат учениците од I-3 клас 4,90, а најнизок просечен успех имаат учениците од I-2 клас 3,98.

**По паралелки највисок просечен успех има по предметите:**

- Спорт и спортски активности 5,00 во I-2, I-3, I-4 клас
- Ликовна уметност 5,00 во I-3 и I-4 клас
- Информатика 5,00 во I-3 клас
- Физика 5,00 во I-4 клас
- Музичка уметност 5,00 во I-3 клас
- Француски јазик 5,00 во I-1 клас.

**По паралелки најнизок просечен успех е по предметот:**

- Германски јазик 3,00 во I-7 клас и 3,22 во I-2 клас
- Англиски јазик 3,33 во I-1 клас
- Право и државно уредување 3,39 во I-6 клас.

**На ниво на прва година по предмети највисок просечен успех е по предметот**:

- Спорт и спортски активности 4,95.

**На ниво на прва година по предмети најнизок просечен успех е по предметот:**

- Право и државно уредување 3,46.

Табела 5.  Успехот на учениците од втора година по паралелки и предмети

| Р.б. | Предмети | II-1 | II-2 | II-3 | II-4 | II-5 | II-6 | II-7 | Просек по предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 4,00 | 4,85 | **4,38** | 4,86 | 4,57 | 4,28 | 4,29 | 4,46 |
| 2. | Математика | 4,15 | **5,00** | 4,52 | 4,86 | 4,71 | 4,10 | 4,00 | 4,48 |
| 3. | Англиски прв јазик | 4,91 | **5,00** | 4,86 | 4,95 | 4,90 | 4,73 | 4,59 | 4,85 |
| 4. | Француски втор јазик | **3,33** | **5,00** | / | **4,00** | **3,60** | **3,17** | 4,00 | 3,85 |
| 5. | Германски втор јазик | 4,69 | **5,00** | 4,57 | 4,85 | **5,00** | 4,75 | 4,00 | 4,69 |
| 6. | Историја | 4,73 | 4,90 | 4,62 | 4,86 | 4,90 | 4,87 | 4,41 | 4,76 |
| 7. | Географија | 4,66 | 4,95 | 4,71 | 4,90 | **5,00** | / | / | 4,84 |
| 8. | Физика | 4,29 | 4,90 | 4,62 | 4,86 | 4,90 | / | / | 4,71 |
| 9. | Хемија | 3,83 | **4,65** | 4,43 | 4,63 | 4,95 | / | / | 4,50 |
| 10. | Биологија | 4,64 | 4,85 | 4,86 | 4,81 | 4,90 | / | / | 4,81 |
| 11. | Социологија | 4,75 | 4,95 | 4,62 | 4,90 | 4,86 | / | / | 4,81 |
| 12. | Спорт и спортски активности | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **4,97** | **4,94** | **4,99** |
| 13. | Музичка уметност | 4,60 | 4,85 | 4,71 | 4,86 | 4,90 | / | / | 4,78 |
| 14. | Ликовна уметност | 4,85 | **5,00** | 4,76 | 4,95 | 4,90 | / | / | 4,89 |
| 15. | Информатичка технологија-изб. | **5,00** | 4,90 | 4,76 | 4,95 | **5,00** | / | / | 4,92 |
| 16. | Латински јазик-изб. | **5,00** | / | / | / | **5,00** | / | / | **5,00** |
| 17. | Говорење и пишување-изб. | **5,00** | / | / | / | **5,00** | / | / | **5,00** |
| 18. | Основи на сметководство | / | / | / | / | / | 4,70 | / | 4,70 |
| 19. | Информатика | / | / | / | / | / | 4,57 | 4,53 | 4,55 |
| 20. | Претприемништво и бизнис | / | / | / | / | / | 4,53 | 4,35 | 4,44 |
| 21. | Право и државно уредување | / | / | / | / | / | 4,50 | 4,35 | 4,43 |
| 22. | Внатрешна трговија | / | / | / | / | / | 4,90 | / | 4,90 |
| 23. | Статистика | / | / | / | / | / | 4,83 | / | 4,83 |
| 24. | Административно-канцелариски работи | / | / | / | / | / | / | 4,29 | 4,29 |
| 25. | Административно право | / | / | / | / | / | / | **3,41** | **3,41** |
| 26. | Стварно право | / | / | / | / | / | / | 4,41 | 4,41 |
| | **Просек по паралелка** | **4,56** | **4,91** | **4,67** | **4,88** | **4,87** | **4,65** | **4,37** | **4,70** |

На ниво на ВТОРА година највисок просечен успех имаат учениците од II-2 клас 4,91, а најнизок просечен успех имаат учениците од II-7 клас 4,37.

**По паралелки највисок просечен успех 5,00 учениците имаат по:**

- Спорт и спортски активности 5,00 во II-1, II-2, II-3, II-4 и II-5 клас
- Информатичка технологија – изборен предмет 5,00 во II-1 и II-5 клас
- Германски јазик 5,00 во II-2 и II-5 клас
- Латински јазик – изборен предмет 5,00 во II-2 и II-5 клас
- Говорење и пишување 5,00 во II-1 и II-5 клас
- Англиски јазик 5,00 во II-2 клас
- Француски јазик 5,00 во II-2 клас
- Математика 5,00 во II-2 клас
- Географија 5,00 во II-5 клас

- Ликовна уметност 5,00 во II-2 клас.

**По паралелки најнизок просечен успех  е по предметот:**

- Француски јазик 3,17 во II-6 клас
- Француски јазик 3,33 во II-1 клас
- Административно право 3,41 во II-7 клас.

**На ниво на втора година по предмети највисок просечен успех е по предметот:**

- Латински јазик – изборен предмет  5,00
- Говорење и пишување – изборен предмет  5,00
- Спорт и спортски активности 4,99.

**На ниво на втора година по предмети најнизок просечен успех е по предметот:**

- Административно право 3,41.

Табела 6. Успехот на учениците од трета година по паралелки и предмети

| Р.б. | Предмети | | III-1 | III-2 | III-3 | III-4 | III-5 | III-6 | III-7 | Просек по предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | | 4,35 | 4,14 | 4,58 | 4,68 | 4,59 | 4,19 | 4,22 | 4,39 |
| 2. | Математика | | 3,71 | 3,69 | 3,95 | 4,29 | 4,31 | / | / | 3,99 |
| 3. | Англиски јазик - прв странски јазик | | 4,71 | 4,66 | 4,66 | 4,85 | 4,72 | 3,96 | 4,22 | 4,54 |
| 4. | Француски јазик - втор странски јазик | | 3,89 | | / | / | / | 3,50 | 4,25 | 3,88 |
| 5. | Германски јазик - втор странски јазик | | / | 4,24 | 4,08 | 4,64 | 4,22 | **3,47** | 3,73 | 4,06 |
| 6. | Историја | | 4,25 | 4,21 | 4,33 | **4,93** | 4,63 | / | / | 4,47 |
| 7. | Физика | | 4,75 | 4,76 | 4,91 | **4,96** | 4,63 | / | / | **4,80** |
| 8. | Хемија | | 4,25 | 3,97 | 4,70 | 4,68 | 4,36 | / | / | 4,39 |
| 9. | Биологија | | 4,32 | 3,86 | 4,54 | 4,57 | 4,54 | / | / | 4,37 |
| 10. | Спорт и спортски активности | | 4,71 | 4,65 | 4,83 | 4,86 | 4,77 | 4,32 | 4,91 | 4,72 |
| 11. | Линеарна алгебра | **Природно-математичко А** | 4,83 | / | / | 4,43 | 4,40 | / | / | 4,55 |
| 12. | Алгебра | | 4,66 | / | / | 4,29 | 4,54 | / | / | 4,50 |
| 13. | Програмски јазици | | 4,5 | / | / | **5,00** | 4,68 | / | / | 4,73 |
| 14. | Програмски јазици | **Природно-математичко Б** | 4,6 | / | 4,75 | / | / | / | / | 4,68 |
| 15. | Географија | | 4,73 | **/** | 4,58 | / | / | / | / | 4,66 |
| 16. | Латински јазик | | **5,00** | / | 4,83 | / | / | / | / | **4,92** |
| 17. | Вовед во правото | **Општествено-хуманистичко А** | 3,71 | 4,28 | / | / | / | / | / | 4,00 |
| 18. | Социологија | | 3,86 | 4,45 | / | / | / | / | / | 4,16 |
| 19. | Латински јазик | | 4,14 | 4,69 | / | / | / | / | / | 4,42 |
| 20. | Математика за економисти | | / | / | / | / | / | 3,00 | / | 3,00 |
| 21. | Сметководство | | / | / | / | / | / | 3,90 | / | 3,90 |
| 22. | Статистика | | / | / | / | / | / | 4,38 | / | 4,38 |
| 23. | Бизнис | | / | / | / | / | / | 4,09 | 4,48 | 4,29 |
| 24. | Економија | | / | / | / | / | / | 4,51 | 4,78 | 4,65 |
| 25. | Деловно работење | | / | / | / | / | / | 3,93 | / | 3,93 |
| 26. | Економска географија | | / | / | / | / | / | 4,41 | / | 4,41 |
| 27. | Практична настава | | / | / | / | / | / | 4,25 | 4,78 | 4,52 |
| 28. | Деловно работење - изборен | | / | / | / | / | / | 4,29 | / | 4,29 |
| 29. | Економија – изборен | | / | / | / | / | / | 4,06 | / | 4,06 |
| 30. | Основи на јавно право | | / | / | / | / | / | / | 4,39 | 4,39 |
| 31. | Канцелариско работење | | / | / | / | / | / | / | 4,65 | 4,65 |
| 32. | Основи на приватно право | | / | / | / | / | / | / | 4,48 | 4,48 |
| 33. | Основи на јавно право - изборен | | / | / | / | / | / | / | 3,70 | 3,70 |
| 34. | Основи на приватно право - изборен | | / | / | / | / | / | / | 4,35 | 4,35 |
| 35. | Деловна психологија | | / | / | / | / | / | / | 4,52 | 4,52 |
| | **Просек по паралелка** | | 4,38 | 4,30 | 4,56 | **4,68** | 4,53 | **4,01** | 4,39 | **4,41** |

На ниво на ТРЕТА година највисок просечен успех имаат учениците од III-4 клас 4,68, а најнизок просечен успех имаат учениците од III-6 клас 4,01.

**По паралелки највисок просечен успех има по предметите:**

- Програмски јазици - изборен предмет 5,00 во ПМ-А подрачје во III-4 клас
- Латински јазик - изборен предмет 5,00 во ПМ-Б подрачје во III-1 клас
- Физика 4,96 во III-4 клас
- Историја 4,93 во III-4 клас
- Спорт и спортски активности 4,91 во III-7 клас.

**По паралелки најнизок просечен успех има по предметите:**

- Математика за економисти 3,00 во III-6 клас
- Германски јазик 3,47 во III-6 клас.

**На ниво на трета година по предмети највисок просечен успех има по предметите:**

- Латински јазик - изборен предмет 4,92 во ПМ-Б подрачје
- Физика 4,80.

**На ниво на трета година по предмети најнизок просечен успех има по предметите:**

- Математика за економисти 3,00.

Табела 7. Успехот на учениците од четврта година по паралелки и предмети

| Р.б. | Предмети | | IV-1 | IV-2 | IV-3 | IV-4 | IV-5 | IV-6 | IV-7 | Просек по предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | | 4,70 | **5,00** | 4,81 | 4,86 | **5,00** | 3,38 | 4,00 | 4,54 |
| 2. | Англиски јазик - прв странски јазик | | 4,12 | **5,00** | 4,31 | 3,69 | **5,00** | **3.14** | **3,24** | 4,07 |
| 3. | Француски јазик - втор странски јазик | | 4,00 | 4,40 | 3,83 | / | **5,00** | **2,80** | 3,60 | 3,94 |
| 4. | Германски јазик - втор странски јазик | | 4,29 | **5,00** | 4,70 | 4,41 | 4,95 | 3,44 | 3,80 | 4,37 |
| 5. | Математика | | 4,03 | 4,70 | 4,50 | 3,34 | 4,78 | / | / | 4,27 |
| 6. | Филозофија | | 4,42 | 4,96 | 4,62 | 4,38 | 4,91 | / | / | 4,66 |
| 7. | Бизнис и претприемништво | | 4,45 | 4,96 | 4,73 | 4,27 | 4,95 | / | / | 4,67 |
| 8. | Спорт и спортски активности | | 4,85 | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | 4,90 | 4,88 | **4,95** |
| 9. | Економија | **Општествено-хуманистичко А** | 4,26 | / | / | 4,31 | / | / | / | 4,29 |
| 10. | Менаџмент | | 4,53 | / | / | 4,65 | / | / | / | 4,59 |
| 11. | Логика | | 4,32 | / | / | 4,31 | / | / | / | 4,32 |
| 12. | Историја | | 4,47 | / | / | 4,65 | / | / | / | 4,56 |
| 13. | Прогр. јазици | **Природно-математичко А** | / | 4,91 | / | / | 4,95 | / | / | **4,93** |
| 14. | Мате. анализа | | / | 4,65 | / | / | 4,78 | / | / | 4,72 |
| 15. | Физика | | / | 4,96 | / | / | 4,91 | / | / | **4,94** |
| 16. | Физика | **Природно-математичко Б** | 4,86 | / | 4,73 | / | / | / | / | 4,80 |
| 17. | Хемија | | 4,86 | / | 4,77 | / | / | / | / | 4,82 |
| 18. | Биологија | | 4,86 | / | 4,77 | / | / | / | / | 4,82 |
| 19. | Бизнис | | / | / | / | / | / | 3,86 | 3,88 | 3,87 |
| 20. | Маркетинг | | / | / | / | / | / | 3,81 | / | **3,81** |
| 21. | Менаџмент | | / | / | / | / | / | 4,66 | / | 4,66 |
| 22. | Математика за економисти | | / | / | / | / | / | 3,33 | / | **3,33** |
| 23. | Економија | | / | / | / | / | / | 3,90 | 4,00 | 3,95 |
| 24. | Економија - изборен | | / | / | / | / | / | 4,38 | / | 4,33 |
| 25. | Организација | | / | / | / | / | / | 4,05 | 4,44 | 4,25 |
| 26. | Деловно работење | | / | / | / | / | / | 4,09 | / | 4,09 |
| 27. | Деловно работење - изборен | | / | / | / | / | / | 4,48 | / | 4,48 |
| 28. | Граѓанско образование | | / | / | / | / | / | 4,33 | 4,88 | 4,61 |
| 29. | Практична настава | | / | / | / | / | / | 4,50 | 4,40 | 4,45 |
| 30. | Канцелариско работење | | / | / | / | / | / | / | 4,20 | 4,20 |
| 31. | Основи на приватно право | | / | / | / | / | / | / | **3,24** | **3,24** |
| 32. | Основи на приватно право - изборен | | / | / | / | / | / | / | 4,28 | 4,28 |
| 33. | Основи на јавно право | | / | / | / | / | / | / | 4,04 | 4,04 |
| 34. | Основи на јавно право - изборен | | / | / | / | / | / | / | 3,36 | **3,36** |
| | | | 4,47 | 4,89 | 4,67 | 4,35 | **4,93** | **3,94** | 4,02 | **4,47** |

На ниво на ЧЕТВРТА година највисок просек имаат учениците од IV-5 клас 4,93, а најнизок од IV-6 клас 3,94.

**По паралелки највисок просечен успех има по предметите:**

- Македонски јазик и литература 5,00 во IV-2 и IV-5 клас

- Англиски јазик 5,00 во IV-2 и IV-5 клас
- Француски јазик 5,00 во IV-5 клас
- Германски јазик 5,00 во IV-2 клас
- Спорт и спортски активности 5,00 во IV-2, IV-3, IV-4 и IV-5 клас.

**По паралелки најнизок просечен успех има по предметот:**

- Француски јазик 2,80 во IV-6 клас
- Англиски јазик 3,14 во IV-6 клас
- Англиски јазик 3,24 во IV-7 клас
- Основи на приватно право 3,24 во IV-7 клас.

**На ниво на четврта година по предмети највисок просечен успех има по предметите:**

- Спорт и спортски активности 4,95
- Физика – изборен предмет 4,94 во ПМ-А подрачје
- Програмски јазици – изборен предмет 4,93 во ПМ-А подрачје.

**На ниво на четврта година по предмети најнизок просечен успех има по предметите:**

- Основи на приватно право 3,24
- Математика за економисти 3,33
- Основи на јавно право – изборен предмет 3,36.

## 3. Редовност на учениците

На ниво на година најмногу изостаноци имаат учениците од IV - четврта година 3267, потоа учениците од III - трета година 1546, па учениците од II - втора година 1021 и најмалку имаат учениците од I - прва година 944 изостаноци.

На ниво на паралелки најмногу изостаноци имаат учениците од IV-6 клас, просечен број по ученик 31,48, а најмалку имаат учениците од I-4 клас просечен број 0,19.

Табела 1. Изостаноци по години на крајот на учебната 2020/2021 година

| Изостаноци | Прва година | Втора година | Трета година | Четврта година | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Број | Процент |
| **Оправдани** | 836 | 1005 | 1332 | 2906 | **6079** | **9,02 %** |
| **Неоправдани** | 108 | 16 | 214 | 361 | **699** | **1,04 %** |
| **Вкупно** | **944** | **1021** | **1546** | **3267** | **6778** | **10,06 %** |

### 3.1 Споредба на изостаноците на крајот на учебните 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 година

Табела 1. Вкупно изостаноци по години

| Година | 2018/2019 година (722 ученици) | 2019/2020 година (670 ученици) | 2020/2021 година (674 ученици) |
|---|---|---|---|
| **I** - прва | 8 664 ; 46,15 | 4 823 ; 30,76 | 944 ; 7,07 |
| **II** - втора | 8 925 ; 48,56 | 7 725 ; 41,05 | 1021 ; 6,88 |
| **III** - трета | 7 907 ; 52,36 | 8 245 ; 46,32 | 1546 ; 8,59 |
| **IV** - четврта | 13 876 ; 70,39 | 8 833 ; 58,89 | 3267 ; 18,90 |
| **Вкупно** | **39 372 ; 54,37 повеќе за 0,82 %** | **29 626 ; 44,22** | **6778 ; 10,06** |

На ниво на година најголем број на вкупно изостаноци имаат учениците од IV (четврта) година, а најмалку вкупно изостаноци имаат учениците од II (втора) година.

На ниво на паралелки најголем број на вкупно изостаноци имаат учениците од IV-6 клас 661 или просечен број 31,48, а најмал број на вкупно изостаноци имаат учениците од I-4 клас 25 или просечен број 0,96.

Табела 2. Оправдани изостаноци по години

| Година | 2018/2019 година (722 ученици) | 2019/2020 година (670 ученици) | 2020/2021 година (674 ученици) |
|---|---|---|---|
| **I** - прва | 8 103 ; 43,20 | 4 711 ; 30,02 | 836 ; 6,23 |
| **II** - втора | 7 975 ; 43,39 | 7 267 ; 38,62 | 1005 ; 6,76 |
| **III** - трета | 7 176 ; 47,53 | 7 567 ; 42,51 | 1332 ; 7,40 |
| **IV** - четврта | 12 772 ; 64,84 | 8 188 ; 54,59 | 2906 ; 16,77 |
| **Вкупно** | **36 026 ; 49,74 повеќе за 1,16 %** | **27 733 ; 41,39** | **6079 ; 9,02** |

На ниво на година најмногу оправдани изостаноци на крајот на годината имаат учениците од IV (четврта) година, а најмалку оправдани изостаноци имаат учениците од I (прва) година.

На ниво на паралелки најголем број оправдани изостаноци имаат учениците од IV-6 клас, просечен број 25,86, а најмал број оправдани изостаноци имаат учениците од I-4 клас 25 или просечен број 0,96.

Табела 3. Неоправдани изостаноци по години

| Година | 2018/2019 година (722 ученици) | 2019/2020 година (670 ученици) | 2020/2021 година (674 ученици) |
|---|---|---|---|
| **I** - прва | 561 ; 2,95 | 112 ; 0,74 | 108 ; 0,83 |
| **II** - втора | 950 ; 5,17 | 458 ; 2,43 | 16 ; 0,11 |
| **III** - трета | 831 ; 5,48 | 678 ; 3,81 | 214 ; 1,19 |
| **IV** - четврта | 1104 ; 5,55 | 645 ; 4,30 | 361 ; 2,14 |
| **Вкупно** | **3 446 ; 4,79 повеќе за 0,63 %** | **1 893 ; 2,83** | **699 ; 1,04** |

На ниво на година најголем просечен број неоправдани изостаноци на крајот на годината имаат учениците од IV (четврта) година, а најмал просечен број неоправдани изостаноци имаат учениците од II (втора) година.

На ниво на паралелки најголем број неоправдани изостаноци имаат учениците од IV-6 клас 118 или просечен број 5,62, а најмал број неоправдани изостаноци, односно немаат неоправдани изостаноци (0 неоправдани изостаноци) учениците од I-3, I-4, I-5, II-2, II-4, II-5, II-6 и II-7 клас.

Табела 4. Просечен број на изостаноци по години и паралелки

| Клас | Просечен број изостаноци | Клас | Просечен број изостаноци | Клас | Просечен број изостаноци | Клас | Просечен број изостаноци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I-1** | 4,10 | **II-1** | 8,30 | **III-1** | 8,32 | **IV-1** | 10,27 |
| **I-2** | 8,89 | **II-2** | 2,55 | **III-2** | 6,34 | **IV-2** | 17,91 |
| **I-3** | 2,04 | **II-3** | 10,43 | **III-3** | 8,29 | **IV-3** | **9,35** |
| **I-4** | 0,96 | **II-4** | 6,09 | **III-4** | **5,21** | **IV-4** | 17,41 |
| **I-5** | 2,96 | **II-5** | 11,05 | **III-5** | **14,32** | **IV-5** | 20,43 |
| **I-6** | 17,72 | **II-6** | 4,13 | **III-6** | 7,84 | **IV-6** | **31,48** |
| **I-7** | 12,80 | **II-7** | 5,59 | **III-7** | 9,83 | **IV-7** | 25,48 |
| | **7,07** | | **6,88** | | **8,59** | | **18,90** |
| **10,06** | | | | | | | |

Просечниот број на изостаноци на ниво на училиште 10,06 е добиен од вкупниот број на изостаноци поделен со вкупниот број на ученици.

На ниво на паралелки најголем просечен број на изостаноци има паралелката 4-6 клас со 31,48 изостаноци, а најмал просечен број на изостаноци има паралелката 1-4 клас со 0,96 изостаноци.

Графикон 1. Просечен број на изостаноци по паралелки во учебната 2020/2021 година



## 4. Поведение на учениците

Табела 1. Поведение на учениците по години

| Поведение | Прва | | Втора | | Трета | | Четврта | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % |
| **Примерно** | **158** | 100 % | **151** | 100 % | **185** | 100% | **175** | 97,22 % | **669** | **99,26%** |
| **Добро** | **0** | 0 % | **0** | 0 % | **/** | / | **3** | 1,67% | **3** | **0,44%** |
| **Незадоволително** | **0** | 0 % | **0** | 0 % | **/** | / | **2** | 1,11% | **2** | **0,30%** |
| **Вкупно ученици** | **158** | | **151** | | **185** | | **180** | | **674** | |

Табела 2. Поведение на учениците по години и паралелки

| Клас | Примерно | Добро | Незадоволително | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **I-1** | 30 | 0 | 0 | 30 |
| **I-2** | 18 | 0 | 0 | 18 |
| **I-3** | 28 | 0 | 0 | 28 |
| **I-4** | 26 | 0 | 0 | 26 |
| **I-5** | 23 | 0 | 0 | 23 |
| **I-6** | 18 | 0 | 0 | 18 |
| **I-7** | 15 | 0 | 0 | 15 |
| **Вкупно** | **158** | **0** | **0** | **158** |
| **II-1** | 20 | 0 | 0 | 20 |
| **II-2** | 20 | 0 | 0 | 20 |
| **II-3** | 21 | 0 | 0 | 21 |
| **II-4** | 22 | 0 | 0 | 22 |
| **II-5** | 21 | 0 | 0 | 21 |
| **II-6** | 30 | 0 | 0 | 30 |
| **II-7** | 17 | 0 | 0 | 17 |
| **Вкупно** | **151** | **0** | **0** | **151** |
| **III-1** | 28 | 0 | 0 | 28 |
| **III-2** | 29 | 0 | 0 | 29 |
| **III-3** | 24 | 0 | 0 | 24 |
| **III-4** | 28 | 0 | 0 | 28 |
| **III-5** | 22 | 0 | 0 | 22 |
| **III-6** | 31 | 0 | 0 | 31 |
| **III-7** | 23 | 0 | 0 | 23 |
| **Вкупно** | **185** | 0 | **0** | **185** |
| **IV-1** | 33 | 0 | 0 | 33 |
| **IV-2** | 23 | 0 | 0 | 23 |
| **IV-3** | 26 | 0 | 0 | 26 |
| **IV-4** | 28 | 1 | 0 | 29 |
| **IV-5** | 23 | 0 | 0 | 23 |
| **IV-6** | 17 | 2 | 2 | 21 |
| **IV-7** | 25 | 0 | 0 | 25 |
| **Вкупно** | **175** | **3** | **2** | **180** |
| **Сè вкупно** | **669** | **3** | **2** | **674** |

Табела 3.  Поведението на учениците во последните три години

| Поведение | 2018/2019 година | 2019/2020 година | 2020/2021 година |
|---|---|---|---|
| **Примерно** | 673 (93,21 %) | 653 (97,46 %) | 669   (99,26%) |
| **Добро** | 29 (4,02 %) | 13 (1,94 %) | 3      (0,44%) |
| **Незадоволително** | 20 (2,77) | 4  (0,60 %) | 2      (0,30%) |
| **Вкупно ученици** | **722** | **670** | **674** |

## 5. НАСТАВА

**Реализација на планираниот фонд на наставни часови**

**ПРВА година    97,89 %**

| | I-1 | I-2 | I-3 | I-4 | I-5 | I-6 | I-7 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 992 | 992 | 928 | 928 | 992 | 1024 | 960 | **6816** |
| **Реализирани часови** | 974 | 971 | 907 | 905 | 967 | 1008 | 940 | **6672** |
| **Разлика** | **18** | **21** | **21** | **23** | **25** | **16** | **20** | **144** |

**ВТОРА година   97,49 %**

| | II-1 | II-2 | II-3 | II-4 | II-5 | II-6 | II-7 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1184 | 1056 | 992 | 1056 | 1184 | 992 | 1020 | **7484** |
| **Реализирани часови** | 1153 | 1031 | 967 | 1028 | 1154 | 970 | 993 | **7296** |
| **Разлика** | **31** | **25** | **25** | **28** | **30** | **22** | **27** | **188** |

**ТРЕТА година   98,07 %**

| | III-1 | III-2 | III-3 | III-4 | III-5 | III-6 | III-7 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1344 | 960 | 960 | 960 | 960 | 1184 | 1152 | **7520** |
| **Реализирани часови** | 1322 | 943 | 943 | 942 | 935 | 1159 | 1131 | **7375** |
| **Разлика** | **22** | **17** | **17** | **18** | **25** | **25** | **21** | **145** |

**ЧЕТВРТА година 97,87 %**

| | IV-1 | IV-2 | IV-3 | IV-4 | IV-5 | IV-6 | IV-7 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1189 | 928 | 928 | 870 | 928 | 1073 | 1073 | **6989** |
| **Реализирани часови** | 1166 | 909 | 914 | 850 | 906 | 1048 | 1047 | **6840** |
| **Разлика** | **23** | **19** | **14** | **20** | **22** | **25** | **26** | **149** |

Од табеларните прегледи за реализација на наставата може да се заклучи дека наставата, односно наставните часови се во најголем процент реализирани или на ниво на училиште реализацијата изнесува 97,83 %.

Причини за нереализирани наставни часови се: државни и верски празници.

Реализирани се сите наставни единици и содржини согласно планирањата на предметните наставници по сите наставни предмети.

## 6. Државна матура 2021

Државна матура е збир од повеќе екстерни и интерни испити со кои се проверуваат и се вреднуваат знаењата, вештините и способностите на учениците кои ги стекнале во четиригодишно средно образование.

Спроведувањето на државната матура во четиригодишното средно образование има за цел: подигање на општото ниво на знаења, умеења и способности кај учениците, следење и контрола на реализацијата на наставните програми, заокружување на образованието со испити и стекнување диплома за завршено средно образование, поквалитетна и поправедна селекција при влезот во високото образование, информирање на учениците, родителите и образовните институции за постигањата на учениците добиени по пат на валидни и веродостојни мерења.

Прв официјален документ со кој е дефиниран моделот на испити на крајот од средното четиригодишно образование е Концепцијата за матура и за завршен испит во јавното средно образование во Република Македонија донесена во 2005 година, која потоа во два наврати беше изменета и дополнета, согласно потребните предуслови за нејзина поуспешна реализација.

Со овој значаен документ во четиригодишното средно образование, се предвидени следните модели на испити: државна матура, училишна матура и завршен испит. Заедничко за сите видови на испити од овој модел е што секој од нив се состои од три дела и тоа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача.

Државната матура има двојна улога: селективна и сертификатна. Притоа, треба да се има предвид дека кај државната матура е понагласена селективната улога. Училишната матура и завршниот испит имаат само сертификатна улога. Сепак, мора да се нагласи дека во Концепцијата е обезбедена доволно добра поврзаност помеѓу државната матура и училишната матура, односно завршниот испит. На кандидатите кои примарно ќе полагаат училишна матура или завршен испит, им се дава можност во некоја од наредните години да полагаат и државна матура.

Проектната задача е проучување на проблем кој ученикот го избира од некој (некои) од наставните предмети или пошироко од образовните области. Проектната задача има за цел да ја провери оспособеноста на учениците за: самостојно планирање, проучување и истражување на одделни проблеми, самостојно користење на извори на информации и информатичка технологија, планирање и изведување на експерименти, презентирање на добиените сознанија од проучувањето.

Проверувањето и оценувањето на екстерните делови од испитите и екстерните испити го вршат надворешни оценувачи.

Проверувањето и оценувањето на интерните делови од испитите и интерните испити се врши од страна на училишните предметни комисии, согласно испитните програми.

Проверувањето и оценувањето на проектната задача во гимназиското, стручното и уметничкото образование се врши интерно пред соодветна комисија од училиштето, согласно испитните програми.

Почнувајќи од учебната 2007/2008 година учениците од IV година полагаат Државна матура. Учениците кои планираат да го продолжат своето образование на високо-образовните институции полагаат Државна матура, а оние ученици кои имаат поинакви планови полагаат Училишна матура од гимназиското образование, односно Завршен испит од стручното образование.

Од учебната 2013/2014 година Концепцијата за Државна матура претрпува измени.

Учениците во гимназиското образование полагаат три екстерни предмети, еден интерен наставен предмет и проектна задача.

**Екстерно полагаат:**

- Еден задолжителен наставен предмет: Македонски јазик и литература/албански или турски јазик и литература;
- Прв изборен наставен предмет: Математика или Странски јазик;
- Втор изборен наставен предмет од следната листа на општообразовни наставни предмети: странски јазик[1], математика[2], хемија, физика, биологија, историја, филозофија[3] и социологија.

**Интерно полагаат:**

- Трет изборен наставен предмет од листата на општообразовни наставни предмети за полагање на државна матура.

Наставниот предмет кој ученикот го избрал на екстерно ниво, не може да го избере и на интерно ниво.

**Проектна задача.**

Учениците во средното стручно образование полагаат три екстерни наставни предмети, еден интерен наставен предмет и проектна задача.

**Екстерно полагаат:**

- Еден задолжителен наставен предмет: Македонски јазик и литература/албански или турски јазик и литература;
- Прв изборен наставен предмет: Математика или Странски јазик;
- Втор изборен наставен предмет од следната листа на општообразовни наставни предмети: странски јазик[4], математика[5], хемија[6], физика, биологија, историја[7] и бизнис.

**Интерно полагаат:**

- Трет изборен наставен предмет од листата на стручни наставни предмети за полагање на државна матура.

**Проектна задача.**

Оваа учебна година Училишната матурска комисија (УМК) ги направи сите неопходни подготовки за полагање на државна матура согласно Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во Државна матура.

Учениците согласно Концепцијата за полагање Државна матура, преку средствата за масовна комуникација, во периодот на месец март – април 2021 година, онлајн, успешно ја одбранија проектната задача.

---

[1] Ученикот може да избере странски јазик само доколку како прв изборен предмет избрал математика.
[2] Ученикот може да избере математика само доколку како прв изборен предмет избрал странски јазик.
[3] Ученикот може да избере филозофија само доколку како прв изборен предмет избрал странски јазик.
[4] Ученикот може да избере странски јазик само доколку како прв изборен предмет избрал математика.
[5] Ученикот може да избере математика само доколку како прв изборен предмет избрал странски јазик.
[6] Во хемиско технолошката струка се избира како општообразовен предмет.
[7] Се подразбира наставниот предмет историја со историја на Македонија.

Согласно преговорите и договорите на средношколците со Министерството за образование и наука оваа учебна година матурантите полагаа два екстерни испити и два интерни испити.

Државната матура се реализираше според претходно донесениот Протокол за постапување на средните училишта при реализација на испитите од државната матура во услови на пандемија од Ковид-19, донесен од страна на Министерството за образование и наука.

Сите ученици – матуранти согласно Календарот за организација навремено дојдоа и ги полагаа во предвидените испитни рокови екстерните и интерните испити од државна матура. Истите, матурантите ги полагаа во училиштето во писмена форма со физичко присуство. Текот и полагањето на сите предвидени испити од државната матура се одвиваше без никакви забелешки и проблеми.

Табела 1. Преглед на ученици кои пријавиле Државна матура, Училишна матура и Завршен испит по вид на образование и профили во учебната 2020/2021 година

| **Ред. бр.** | **Матура/ Завршен испит** | **Гимназиско образование** | **Економско-правна и трговска струка (стручно образование)** | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Вкупно** | **Економски техничар** | **Правен техничар** | **Вкупно** | |
| 1. | Државна матура | **133** | 21 | 25 | 46 | **179** |
| 2. | Училишна матура | **2** (1 редовен и 1 вонреден) | / | / | / | **2** |
| 3. | Завршен испит | **/** | / | / | / | **/** |
| **Вкупно:** | | **135** | **21** | **25** | **46** | **181** |

## Интерен дел – Проектна задача

Резултатите од презентацијата и одбраната на проектната задача на Државна матура се прикажани во следната табела.

Табела 1. Просечен успех од проектните задачи по предмети од Државна матура 2021

| Р.бр. | Предмет | Просечен успех |
|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 5,00 |
| 2. | Англиски јазик | 5,00 |
| 3. | Германски јазик | 5,00 |
| 4. | Математика | 5,00 |
| 5. | Информатика | 5,00 |
| 6. | Физика | 5,00 |
| 7. | Биологија | 5,00 |
| 8. | Историја | 4,91 |
| 9. | Бизнис и претприемништво - гимназиско | 5,00 |
| 10. | Хемија | 5,00 |
| 11. | Географија | 5,00 |
| 12. | Логика | 5,00 |
| 13. | Социологија | 5,00 |
| 14. | Ликовна уметност | 5,00 |
| 15. | Спорт и спортски активности | 5,00 |
| 16. | Граѓанско образование | 5,00 |
| 17. | Деловна психологија | 5,00 |
| 18. | Бизнис-стручно | 4,80 |
| 19. | Менаџмент - изборен предмет - гимназиско | 5,00 |
| 20. | Деловно работење - изборен | 4,75 |
| 21. | Економија-изборен предмет-стручно | 5,00 |
| 22. | Менаџмент - стручно | 5,00 |
| 23. | Канцелариско работење | 5,00 |
| 24. | Бизнис и претприемништво - стручно | 5,00 |
| 25. | Маркетинг | 4,80 |
| 26. | Основи на приватно право | 5,00 |
| 27. | Основи на јавно право-редовен | 5,00 |
| 28. | Основи на јавно право-изборен | 5,00 |

На презентацијата и одбраната на проектната задача, Одличен успех со просек 5,00 учениците имаат постигнато по 24 наставни предмети, од вкупно 28 наставни предмети по кои што се полагање и кои што се дадени погоре во табелата и графиконот.

Одличен успех на проектната задача учениците имаат постигнато и по наставните предмети: Историја 4,91, Бизнис-стручно 4,80, Деловно работење-изборен предмет 4,75 и Маркетинг 4,80.

Најнизок просечен успех за одбрана на проектната задача учениците имаат постигнато по наставниот предмет Деловно работење-изборен предмет 4,75.

## Интерен дел – Интерни испити

Резултатите од полагањето на интерните испити од Државна матура се прикажани во следната табела.

Табела 1. Просечен успех од интерните испити по предмети од Државна матура 2021

| Р.бр. | Предмет | Просечен успех |
|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература-Училишна матура | 4,50 |
| 2. | Англиски јазик | 5,00 |
| 3. | Математика | 4,38 |
| 4. | Информатика | 5,00 |
| 5. | Физика | 5,00 |
| 6. | Биологија | 5,00 |
| 7. | Историја | 4,94 |
| 8. | Географија | 4,97 |
| 9. | Хемија | 5,00 |
| 10. | Филозофија | 5,00 |
| 11. | Социологија | 4,82 |
| 12. | Ликовна уметност | 5,00 |
| 13. | Бизнис | 4,68 |
| 14. | Економија | 4,43 |
| 15. | Основи на јавно право | 4,83 |

## Екстерен дел – екстерни испити

Во продолжение следуваат табеларните прегледи за постигањата на учениците – матуранти од полагањето на екстерните испити од државната матура.

Табела 1. Преглед на број на ученици кои полагаа екстерен – изборен дел од Државна матура

| Р.бр. | Задолжителен изборен предмет - екстерен | Вкупно |
|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик | **179** |
| 2. | Математика | **31** |
| 3. | Англиски јазик | **141** |
| 4. | Германски јазик | **7** |

Табела 2. Преглед на просечниот успех на екстерните предмети на Државна матура 2020

| Р.б. | Предмети | Екстерен успех |
|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик | 3,97 |
| 2. | Математика | 4,29 |
| 3. | Англиски јазик | 3,60 |
| 4. | Германски јазик | 5,00 |
| **Државна матура 2020/2021** | | **4,22** |

Табела 3. Преглед на просечниот успех на екстерните предмети, училишниот предметен успех и просечниот успех во Републиката

| Р.б. | Предмети | Екстерен успех | Училиштен предметен успех | Просечен успех во Републиката |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик | 3,97 | 4,54 | |
| 2. | Математика | 4,29 | 4,27 | |
| 3. | Англиски јазик | 3,60 | 4,07 | |
| 4. | Германски јазик | 5,00 | 4,37 | |

Табела 4. Преглед на споредбата на успехот на екстерните предмети од државна матура 2008 година до 2019 година

| Р.бр. | Предмети | ДМ 2019 | ДМ 2018 | ДМ 2017 | ДМ 2016 | ДМ 2015 | ДМ 2014 | ДМ 2013 | ДМ 2012 | ДМ 2011 | ДМ 2010 | ДМ 2009 | ДМ 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 3,84 | 3,77 | 3,57 | 3,98 | 3,93 | 3,41 | 3,84 | 3,80 | 4,18 | 3,43 | 3,71 | 3,44 |
| 2. | Англиски јазик | 3,4 | 3,36 | 3,43 | 3,48 | 3,59 | 3,72 | 3,57 | 3,83 | 3,73 | 3,39 | 3,89 | 4,28 |
| 3. | Француски јазик | / | 4,66 | / | / | / | / | / | 3,22 | 3,50 | 4,30 | 3,64 | / |
| 4. | Германски јазик | 4 | 4,5 | 4,66 | 4,50 | 3,00 | 5,00 | / | 4,50 | 3,50 | 4,50 | 4,33 | / |
| 5. | Руски јазик | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 | / | / |
| 6. | Математика | 4,12 | 3,77 | 3,55 | 3,43 | 2,5 | 3,29 | 3,71 | 3,19 | 3,55 | 2,89 | 3,32 | 3,20 |
| 7. | Бизнис | 3,94 | 3,92 | 3,72 | 3,75 | 4,31 | 3,67 | / | / | / | / | / | / |
| 8. | Филозофија | 4,71 | 4,01 | 3,42 | 3,55 | 2,67 | 3,93 | / | / | / | / | / | / |
| 9. | Историја | 4,15 | 4,19 | 3,7 | 4,04 | 2,87 | 3,87 | / | / | / | / | / | / |
| 10. | Биологија | 4,43 | 3,85 | 4,33 | 4,35 | 3,28 | 3,19 | / | / | / | / | / | / |
| 11. | Социологија | 4,12 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| 12. | Хемија | / | / | 3,00 | 4,80 | 4,50 | / | / | / | / | / | / | / |
| 13. | Физика | / | / | 3,00 | 3,50 | 3,00 | / | / | / | / | / | / | / |
| **Просечен успех** | | **3,86** | **3,71** | **3,63** | **3,77** | **3,50** | **3,59** | **3,72** | **3,76** | **3,93** | **3,38** | **3,71** | **3,67** |

Табела 4.1. Преглед на споредбата на успехот на екстерните предмети од државна

| Р.бр. | Предмети | ДМ 2021 | ДМ 2020 (учениците не полагаа согласно Одлука на Влада на РСМ) |
|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 3,97 | / |
| 2. | Англиски јазик | 3,60 | / |
| 3. | Француски јазик | / | / |
| 4. | Германски јазик | 5,00 | / |
| 5. | Математика | 4,29 | / |
| 6. | Бизнис | / | / |
| 7. | Филозофија | / | / |
| 8. | Историја | / | / |
| 9. | Биологија | / | / |
| 10. | Социологија | / | / |
| 11. | Хемија | / | / |
| 12. | Физика | / | / |
| **Просечен успех** | | **4,22** | **/** |

Графикон 1. Преглед на споредбата на просечниот успех на екстерните предмети на државна матура од 2008 година до 2019 година




Во учебната 2021/2022 година ќе се работи поагажирано од страна на учениците и наставниците за постигања на повисоки резултати на Државна матура 2022.

## Реализирани активности во текот на учебната 2020/2021 година

## ОБУКИ, СЕМИНАРИ, ЕДУКАТИВНИ ПРЕДАВАЊА, ПРЕЗЕНТАЦИИ

Бирото за развој на образованието согласно своите законски надлежности спроведе обуки за професионален развој на воспитно-образовниот кадар во училиштата.

Следејќи ги современите трендови во образованието, Бирото за развој на образованието во соработка со Министерството за образование и наука, обезбеди Систем за управување со учење со чија помош се следи и поддржува професионалниот и кариерен развој на наставниците.

Имајќи ја во предвид актуелната состојба со коронавирусот КОВИД-19, од страна на Бирото за развој на образованието, беше креиран онлајн курс на тема: „Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење“. Во текот на учебната година, овој онлајн курс го проследија сите предметни наставници.

На 31 август 2020 година, се реализираше работилница на тема: „Споделување на лични приказни – употребување на филмот како платформа за учење и испитување на стереотипи“. Оваа работилница беше во организација на Форум граѓански мировен сервис (Форум ЗФД) од Скопје и Форум на Млади од Битола. Истата се реализираше во ресторан „Сино“ во Кавадарци. Целта беше учениците активно да се вклучат во отворени дискусии за стереотипи и предрасуди. На работилницата учествуваа следните ученици: Софија Секуловска, Александар Стојанов, Стефан Стојанов, Росана Камчева и Сања Василова.

На 21, 22 и 23 септември 2020 година, сите предметни наставници, онлајн ја проследија обуката за користење на Националната платформа за учење на далечина. Истата ја имплементираше Министерството за образование и наука, а има за цел да обезбеди континуитет на образовниот процес во учебната 2020/2021 којшто се реализираше онлајн, односно преку учење од далечина.

Дисеминација на обуката извршија следните наставници: Александра Петреска – наставник по англиски јазик, Благородна Лазова – наставник по информатика, Лоска Давчева – наставник по економски предмети и Христинка Косовска – наставник по латински јазик.

Во месец септември 2020 година, Зоран Милевски – проф. по информатика, учествуваше на обука за национален обучувач за Националната платформа за учење на далечина. Обуката се реализираше со физичко присуство во Бирото за развој на образованието во Скопје. Истата ја реализираа стручни лица од МОН и од ФИНКИ. Обуката ја следеа сите пријавени кандидати на претходно објавениот Конкурс од МОН.

По завршување на обуката, Зоран Милевски – проф. по информатика, во улога на национален обучувач, спроведуваше онлајн обуки за предметни наставници од други градови.

На 8 октомври 2020 година, се одржа онлајн средба со советникот Горан Стојанов од Бирото за развој на образованието – Подрачна единица Кавадарци. Средбата се реализираше преку Zoom апликацијата, а истата ја проследија сите предметни наставници.

Целта на оваа онлајн средба беше да се воспостави контакт со училиштето и да се дискутира за изготвените Упатства и измените во Законот за средно образование, и тоа за: Упатството за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку учење од далечина, за Упатството за реализација на скратените наставни програми и за Законот за изменување и дополнување на законот за средно образование (Сл.весник на РСМ бр.229 од 23.09.2020 година).

На 8 октомври и на 6 ноември 2020 година преку видео конференциска врска на ZOOM, проф. по социологија Александра Амишева, онлајн ја проследи обуката за Граѓанско образование за прва година стручно образование, која се реализираше од страна на Бирото за развој на образованието.

Александра Амишева – проф. по социологија ја следеше и презентацијата и дискусијата за новините во Испитната програма за проектна задача во рамките на државна матура од страна на Државен испитен центар и Министерството за образование и наука, онлајн, преку платформата Microsoft Teams.

Во месец октомври 2020 година за сите предметни наставници се реализираше онлајн обука преку видео конференциска врска на ZOOM на тема: „Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку учење од далечина“. Обуката ја спроведе Горан Стојанов – советник во Бирото за развој на образованието – Подрачна единица Кавадарци.

На 15 октомври 2020 година, Претседателот на агенцијата за заштита и превенција на малолетничката деликвенција Диме Каракулев, онлајн преку видео конференциска врска на ZOOM одржа предавање за учениците од прва година. На предавањето учество зема по еден претставник од сите паралелки на прва година на тема: „Трговија со луѓе“. Потоа, претставниците од класевите кои учествуваа на предавањето, направија дисеминација на нивните соученици.

На 10, 17 и 24 октомври 2020 година, Анастазија Костова – проф. по германски јазик, онлајн го проследи тридневниот семинар организиран од Гете Институт. Семинарот се спроведе преку видео конференциска врска на ZOOM, а беше на тема: „Изразување и застапување на мислења".

На 10 ноември 2020 година, беше реализирана онлајн обука за одредени измени и дополнувања на испитната програма од државната матура за проектната задача. Имено, новата испитна програма за проектна задача им овозможува на учениците поголем избор и широчина при изборот на темата. На обуката беа понудени нови модели на проектни задачи преку кои учениците ќе можат максимално да ја изразат својата креативност, инвентивност и творечки дух. Обуката беше спроведена од страна на Државниот испитен центар – ДИЦ во соработка со Министерството за образование и наука преку платформата на Microsoft Teams. Од нашето училиште беа вклучени

следните наставници: Кочо Кочов – проф. по македонски јазик и литература, Александра Петреска – проф. по англиски јазик, Даница Пецова – проф. по хемија, Благородна Лазова – проф. по информатика, Александра Амишева – проф. по социологија, Жанета Делова – проф. по економски предмети и Блашко Клинчаров – проф. по спорт и спортски активности.

Во периодот од месец ноември 2020 година, па сè до месец мај 2021 година, се реализираа онлајн работни средби и предавања со предметните наставници кои реализираат настава во прва година по предметите: македонски јазик и литература, математика, биологија, физика и хемија. Овие предавања беа согласно потребите за успешна реализација на активностите поврзани со меѓународното тестирање Писа 2021. Имено, оваа тестирање ќе се реализира за прв пат електронски во нашата држава. Бирото за развој на образованието во соработка со Државниот испитен центар ја спроведува оваа програма ПИСА (Programme for International Student Assessment) која е меѓународна студија која ги мери способностите и знаењата на учениците на возраст од 15 години во 80 држави од целиот свет.

Со оваа студија се оценува функционалната писменост, односно знаењата и способностите на учениците во три подрачја: способност за читање со разбирање и критички пристап во читањето на пишаните материјали, математичка писменост и писменост во природните науки. Исто така, ПИСА тестирањето нуди важни индикатори за квалитетот на образовниот ситем и образовните политики на земјите учеснички во тестирањето.

На меѓународно ниво, организатор на студијата е Организацијата за економска соработка и развој (OECD), а реализатор на активностите во нашата држава е Државниот испитен центар.

На 19 ноември 2020 година, беше спроведено онлајн предавање за учениците на тема: „Користење на обновливи извори на енергија и нивната важност/добри примери од училиштат во регионот“. Предавањето беше реализирано преку видео конференциската врска на ZOOM, од страна на Друштвото за консултантски услуги „Адвисент“ ДООЕЛ од Скопје.

На предавањето учествуваа следните ученици од четврта година: Мартина Недева, Ивона Миланова, Цветанка Еленова, Сања Касапинова, Марија Ѓорѓиова, Смиља Бошкова, Марија Јошеска, Симона Коцевска, Анастасија Пешевска, Андриана Јанева, Благица Делова, Павле Костов, Олгица Андова, Јосиф Ралев и Љупче Бошев. Предавањето го следеа и Жанета Делова – проф. економски предмети и Кочо Кочов – проф. по македонски јазик и литература.

На 28 ноември 2020 година, Валенина Димитрова – проф. по географија, преку видео конференциска врска на ZOOM, онлајн, го проследи есенскиот вебинар организиран од страна на Македонското географско друштво. На овој вебинар се презентираа три теми, и тоа: Климатските промени и нивните ефекти врз природните непогоди и туризмот во Македонија, Народ и нација: географски аспекти на дефинирањето и Осврт на неколку Е-платформи како алатки за електронско оценување на учениците по географија.

На 22 декември 2020 година, Александра Ристова – проф. по правни предмети, онлајн, го проследи Едуино вебинарот на тема: „Формативно и сумативно оценување

со Микрософт тимс“ реализиран од страна на Бирото за развој на образованието.

Од 3 до 5 декември 2020 година, Жанета Делова – проф. по економски предмети зема активно учество на петтата работилница UPSHIFT Social Impact со Ѓорѓи Кушевски и Patrizia Di Giovani од Unicef. Оваа активност/програма е дизајнирана за „Design Thinking” - решавање проблеми на креативен начин. На оваа работилница беше земено учество за натпревар со учениците од економската паралелка на IV-6 клас. Се работеше на утврдување потреби на корисници, генерирање идеи и нивно тестирање. Нашата група и ученици изработија Прототип на Статив - сталак за олеснување на онлајн наставата.

Во текот на првото полугодие во учебната 2020/2021 година, се одржа Есенската математичка школа 2020 во организација на Сојузот на математичари на Македонија.
Во текот на седум саботи, над 200 ученици од основните и средните училишта ги следеа предавањата преку платформата за е-учење на ФЕИТ, решаваа задачи, пишуваа домашни работи – работеа математика. Од нашето училиште активно беа вклучени учениците од втора година Мајкл Георгиевски и Бошко Бошков кои се здобија со Сертификат за учество.

На 9 и 10 јануари 2021 година, Наташа Матакова – проф по историја, проследи онлајн семинар на тема: „The Holokaust as a starting point“ организиран од Меморијаниот центар на Евреите од Македонија и Memorijal de la Shoah, на кој учествуваа наставници по историја од Северна Македонија, Албанија и Србија.

На 11 и 12 јануари 2021 година, Славе Попов – проф. по социологија, ја проследи обуката за Граѓанско образование.

На 25 јануари 2021 година, Александра Ристова – проф. по правни предмети, онлајн, го проследи Едуино вебинарот на тема: „Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина“ реализиран од страна на Бирото за развој на образованието.

На 2 февруари 2021 година, Христинка Косовска – проф. по латински јазик учествуваше на видео - конференција со ученици во рамките на Еразмус+ проектот Heritage Education Learning Program – HELP. Видео-конференцијата се спроведе преку алатката ZOOM.

На 9 февруари 2021 година, Александра Ристова – проф. по правни предмети, онлајн, го проследи вебинарот на тема: „Приватноста во онлајн наставата“ кој беше спроведен од страна на Метаморфозис.

На 26 февруари 2021 година, Валенина Димитрова – проф. по географија, онлајн, на платформата Microsoft Teams, учествуваше на работилница на тема: „Заштита на геодиверзитетот во Северна Македонија“. Оваа работилница беше организирана и реализирана од страна на Македонското географско друштво.

На 3 март 2021 година, Христинка Косовска – проф. по латински јазик зема учество на обука за користење на дигитални алатки во рамки на програмата Клуб на наставници „Инвестирам во себе“. Обуката беше во организиција на Здружението

Лидери за едукација, активизам и развој ЛЕАД од Скопје.

Во периодот од 22 март 2021 година до 26 март 2021 година, Жанета Делова – проф. по економски предмети и Татјана Ралевска – проф. по правни предмети земаа активно учество на петдневна онлајн обука на тема: Едукација за Јавни набавки - Поим и значење на јавните набавки, Закон за јавни набавки, Посебни начини на доделување на договори за јавни набавки и Електронски систем за јавни набавки. Обуката ја реализираше Бирото за јавни набавки и Министерството за финансии од Скопје.

На 15 април 2021 година, Наташа Матакова – проф по историја, онлајн присуствуваше на средба со наставници по историја во рамките на проектот „Толкување на заедничката историја на современото време“ организиран од Мировна акција и АНИМ (Асоцијација на наставници по историја на Македонија).

На 20 април 2021 година, Наташа Матакова – проф. по историја, учествуваше во припрема на активност „Политика е женски род“ во рамките на проектот „Толкување на заедничката историја на современото време“. Од нашето училиште беа вклучени учениците: Росана Камчева, Даниела Ризова и Александра Минева од III-3 клас.

На 21 април 2021 година, Валенина Димитрова – проф. по географија, онлајн, на платформата Microsoft Teams, го проследи пролетниот вебинар во организација на Македонското географско друштво. Истиот, беше наменет за наставниците и професорите по географија од основните и средните училишта.

На 21 април 2021 година, се реализираше онлајн промоција за учениците – матуранти од страна на Филозофскиот факултет од Скопје. Промоцијата се спроведе преку платформата на Microsoft Teams, а целта беше запознавање со студиските програми кои се акредитирани на факултетот, со што ќе им се отвори можност на учениците за поголем избор во согласност со нивните афинитети.

На 26 април 2021 година, Татјана Ралевска – проф. по правни предмети и Жанета Делова – проф. по економски предмети полагаа државен испит за лице за јавни набавки во Бирото за јавни набавки во Скопје, пришто се здобија со Сертификати за положен испит.

На 26 април 2021 година, Наташа Матакова – проф. по историја, беше вклучена во активност „Политика е женски род’’ во рамките на проектот „Толкување на заедничката историја на современото време“ на Мировна акција и АНИМ (Асоцијација на наставници по историја на Македонија). Оваа активност беше во координација со СОУУД „Димитар Влахов“ од Струмица, СОУ „Гоце Делчев“ од Куманово и СУ „Др. Панче Караѓозов“ од Скопје. Од нашето училиште беа вклучени учениците: Росана Камчева, Даниела Ризова и Александра Минева од III-3 клас.

На 12, 19 и 26 мај 2021 година Татјана Ралевска – проф. по правни предмети и Жанета Делова – проф. по економски предмети земаа активно учество на онлајн форуми во заедницата спроведени преку Локална Самоуправа на општина Кавадарци.

На 17 и 18 мај 2021 година, Богде Коцева – проф. по билогија, заедно со учениците од 1-4 клас и 1-5 клас земаа активно учество на онлајн обуката на тема: „Медиумска писменост и дезинформации“. Оваа обука беше во реализација на Европски универзитет и Фондацијата ИДЕА ЈИЕ.

На 21 мај 2021 година, преку онлајн платформата Cisko Webex, Александра Амишева - проф. по социологија и Цветанка Шемова – проф. по англиски јазик, учествуваа во една активност - Истражување со фокус групи во организација на Народен правобранител. На оваа средба се водеше дискусија за остварувањето на правото на образование на сите деца во време на учење од далечина поради пандемијата со Ковид-19.

На 26 мај 2021 година, Валенина Димитрова – проф. по географија, онлајн, на платформата Microsoft Teams, го проследи вебинарот на тема: „Геодиверзитетот и биодиверзитетот на заштитените подрачја во Македонија“. Вебинарот беше во организација на Македонско еколошко здружение, Македонско биолошко друштво и Македонско географско друштво.

На 27 мај 2021 година, Наташа Матакова – проф по историја, зема активно учество на конференцијата на тема: „Историјата може и да зближува“ во рамките на проектот „Толкување на заедничката историја на современото време“ организиран од страна на Мировната акција и АНИМ (Асоцијација на наставници по историја на Македонија), кадешто имаше промоција на практикум за online настава по историја.

На 28 мај 2021 година реализирана е онлајн обука на тема: „Здравје и безбедност при работа“ за учениците од стручните паралелки на 1-6, 1-7, 2-6 и 2-7 клас, на кои што им следуваше реализација на феријална практика. Обуката ја спроведе проф. по физика Живко Атанасов.

На 5 јуни 2021 година, Душанка Иванова – психолог, Јасминка Ризова – педагог и Лоска Давчева – проф. по економски предмети, онлајн, ја проследија обуката на тема: „Емоционалната интелигенција од мит до наука“. Обуката ја спроведоа проф. д-р Владимир Такшиќ од Р.Хрватска и проф. д-р Љупчо Кеверски од Интернационалниот Центар за Емоционална Интелигенција. Сите учесници коишто ја следеа обуката се здобија со Сертификати.

На 26 и 27 август 2021 година, во училиштето, за предметните наставници беше спроведена обука на тема: „Современи концепти на средно образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење“. Обуката беше обезбедена од Бирото за развој на образованието и Акредитираната установа за спроведување на обуки за наставници Академија Ц.Е.С од Скопје. Предавач на обуката беше Ефремчо Николов – проф. по стручни предмети во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ од Кавадарци.

Катица Манева – проф. по македонски јазик и литература ги проследи следните онлајн Едуино вебинари: „Добри практики за спроведување на онлајн час“ одржан на 15.10.2020 година, „Подготовки за тестирањето ПИСА 2021“ одржан на 29.10.2020 година, „Совети и добри практики од работата на психолозите во основните училишта“ одржан на 10.11.2020 година и „Практични совети и добри практитки во користење на Microsoft Teams“ одржан на 10.12.2020 година.

Светлана Несторова-Мицев – проф. по француски јазик зема активно учество на повеќе онлајн состаноци за насоки и други презентации од информативен карактер за текот и начинот на полагање на Државна матура организирани од МОН и ДИЦ, како и учество на обука за секретари на УМК – Училишна матурска комисија за полагање на државна матура.

Лоска Давчева – проф. по економски предмети зема активно учество на следните онлајн вебинари: „Дислексијата во училницата – стратегии и алатки по пристапот на Ортон Гилингам” од Здружение за дислексија „Ајншатајн”, предавач: Катерина Николовска, на 13.02.2021 година, „АДХД во училница: препознавање, стратегии и решенија” од Здружение за дислексија „Ајншатајн”, предавач: Славица Тасевска Николовска, на 13.03.2021 година, „Развој на емоционалната интелигенција во детството и адолесценцијата” од Здружение за дислексија „Ајншатајн”, предавач: проф. д-р Ана Фрицханд, на 20.03.2021 година, „Работната сила како економски фактор” од Летна лидерска школа при Славјански Универзитет, Свети Николе, предавач: проф. д-р Никола Поповски, на 15.06.2021 година, „Маркетинг и лидерство” од Летна лидерска школа при Славјански Универзитет, предавачи: м-р Сашо Нефовски и Наде Темелковска, на 17.06.2021 година, „Препознавање на организациската интелектуална сила” од Летна лидерска школа при Славјански Универзитет, предавач: доц. Д-р Габриела Крстевска, на 22.06.2021 година и „Комуникацијата како една од клучните лидерски вештини” од Летна лидерска школа при Славјански Универзитет, предавач: доц. д-р Слаѓана Ангелкоска, на 30.06.2021 година.

Јасминка Ризова – училиштен педагог, во текот на учебната година ги проследи следните онлајн Едуино вебинари: „Добри практики за спроведување онлајн час“ на 15.10.2020 година, предавач: Перица Сарџоски, „Интегрирање на целите во одделенската настава (холистички пристап) на 20.10.2020 година, предавачи: проф. д-р. Јасмина Делчева-Диздаревиќ и Билјана Лазареска, „Работата на стручната служба во средните училишта во услови на пандемија“ на 05.11.2020 година, предавачи: Ана Попризова, Ленче Спасовска и Мартина Трајковска, „Формативно и сумативно оценување со Microsoft Teams“ на 22.12.2020 година, предавач: Игор Богданоски и „Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина“ на 25.01.2021 година, предавачи: Ардијана Исахи-Палоши, Маја Виденовиќ и Сатки Исмаили.

Душанка Иванова – училиштен психолог, во текот на учебната година ги проследи следните онлајн Едуино вебинари: „Работата на стручната служба во средните училишта во услови на пандемија“ на 05.11.2020 година, предавачи: Ана Попризова, Ленче Спасовска и Мартина Трајковска, „Практични совети и добри практики во користењето на Microsoft Teams“ на 10.12.2020 година, „Формативно и сумативно оценување со Microsoft Teams“ на 22.12.2020 година, предавач: Игор Богданоски,

„Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина“ на 25.01.2021 година, предавачи: Ардијана Исахи-Палоши, Маја Виденовиќ и Сатки Исмаили. Вебинари од Здружение за дислексија „Ајншатајн”: „Дислексијата во училницата – стратегии и алатки по пристапот на Ортон Гилингам” од предавач: Катерина Николовска, на 13.02.2021 година, „Развој на емоционалната интелигенција во детството и адолесценцијата”, предавач: проф. д-р Ана Фрицханд, на 20.03.2021 година и „Инклузивно образование за  децата со интелектуална попреченоста“ на 15.05.2021 година, предавач: проф. д-р Горан Ајдински. Вебинари од Меѓународен Славјански Универзитет:  „Резилиентноста како начин за борба против стресот и  последиците што ги остава врз менталното здравје и квалитетот на животот“ на 09.05.2021 година, предавач: Ида Протугер, „Справување со стрес во приватната и професионалната сфера во период на неизвесност“ на 13.05.2021 година, предавач: доц. д-р Слаѓана Ангелкоска, „Емоционална писменост“ на 27.05.2021 година, предавач: проф. д-р Ѓорѓина Ќимова,  „Комуникацијата како една од клучните лидерски вештини”  на 30.06.2021 година, предавач: доц. д-р Слаѓана Ангелкоска.

Данче Кузманова – проф. по географија ги проследи следните онлајн Едуино вебинари: „Подготовка на училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес според Планот и протоколот за оддржување на настава“ одржан на 15.09.2020 година, „Добри практики за спроведување на онлајн час“ одржан на 15.10.2020 година, „Интегрирање на целите во одделенската настава (холистички пристап)“ одржан на 20.10.2020 година, „Оформување на персонализирани учебни патеки за учениците" одржан на 28.10.2020 година, „Поттикнување на учење преку игра и стекнување на социоемоционални вештини кај деца на возраст од 3 до 10 години" одржан на 20.11.2020 година, Вебинар за наставници по географија од Македонското Географско Друштво одржан на 28.11.2020 година, „Користење на алатката OneNote, совети и добри практики“ одржан на 02.12.2020 година, „Практични совети и добри практики во користење на Microsoft Teams“ одржан на 10.12.2020 година, „Формативно и сумативно оценување со Microsoft Teams“ одржан на 22.12.2020 година, „Медотика и педагогија за квалитетна настава на далечина“ одржан на 25.01.2021 година и Вебинар од Македонското Географско Друштво за наставници и професори по географија одржан на 21.4.2021 година.

Лилјана Дичова – проф. по математика зема активно учество на седумте онлајн средби-работилници за меѓународното тестирање PISA, почнувајќи од месец ноември 2020 година, па сé до месец април 2021 година. Обуките ги спроведуваше Лидија Кондинска -  советник во Бирото за развој на образованието.

Наташа Матакова – проф по историја зеде учество во проектот „Толкување на заедничката историја на современото време“ организиран од Здружението Мировна акција и Асоцијација на наставници по историја на Македонија. Средбите се реализираа на 24, 25 и 27 август 2020 година, на 24 и 25 септември 2020 година, на 12, 13 и 14 ноември 2020 година и на 17, 18, 21 и 22 декември 2020 година.

Професорите по правни предмети: Слободанка Стојанова, Љубица Станоевска, Александра Ристова и Татјана Ралевска земаа активно учество во изготвувањето на следните интерни наставни програми за стручно образование, и тоа: „Слепо

пишување“ за I (прва) година за учениците од економско-правна и трговска струка, образовен профил економски и правен техничар**,** „Секретарско работење“ за II (втора) година за учениците од економско-правна и трговска струка, образовен профил правен техничар, „Заштита на личните податоци“за III (трета) година за учениците од економско-правна и трговска струка, образовен профил економски и правен техничар.

Во текот на учебната година, Татјана Ралевска – проф. по правни предмети учествуваше во изработката за интерна програма за Феријална практика за прва година за учениците од економско-правна и трговска струка, образовен профил економски и правен техничар, како и во изработката на интерната програма за Феријална практика за втора година за учениците од економско-правна и трговска струка, образовен профил правен техничар.

Во текот на учебната година, Жанета Делова – проф. по економски предмети учествуваше во изработката на интерна наставна програма за содржини програмирани од училиштето, односно беше подготвена програмата: „Социјално претприемништво и општествена одговорност“.

Во текот на учебната година, Александра Ристова – проф. по правни предмети учествуваше во изработката за интерна програма за Феријална практика за прва година за учениците од економско-правна и трговска струка, образовен профил економски и правен техничар.

Во текот на учебната година, Љубица Станоевска – проф. по правни предмети учествуваше во подготовка на учениците од IV (четврта) година за online презентација на симулиран судски процес по повод 10 Декември – Меѓународен ден на човековите права.

Исто така, Љубица Станоевска – проф. по правни предмети, зема активно учество во изработка на наставната програма „Реторика и правна аргументација“ за учениците од IV (четврта) година од економско-правна и трговска струка, образовен профил правен техничар.

Во текот на учебната година, економско-правниот актив направи презентација од наставниците кои предаваат во стручните паралелки со подетално објаснување на струката за која сакаат да се запишуваат, со презентирање на предметите кои ќе ги изучуваат. Оваа презентација е за соработката која училиштето ја има со странски училишта преку Еразмус + програмата.

Во текот на учебната година, економско-правниот актив направи и презентација за претставување на училиштето пред основните училишта, којашто се реализираше преку онлајн платформа.

Во текот на учебната година, економско-правниот актив, реализираше активност со присуство и следење на еден настан, Форумска сесија, за Буџетирање на одредени проекти преку Локална Самоуправа на општина Кавадарци, од страна на три ученички од паралелката правен техничар: Александра Здравкова, Љубица Петрова и Лаура Јовановска.

## Даночна едукација на младите

За да се создадат предуслови за градење на социјално-свесни и совесни даночни обврзници, Управата за јавни приходи од месец декември 2010 година, отпочна со имплементација на Проектот „Фискална едукација на младите“ кој се спроведува во средните училишта низ цела Македонија.

Па така, на 28 декември 2020 година во нашето училиште, онлајн, преку платформата Microsoft Teams, се одржа предавања за матурантите на тема: „Фискална едукација на младите“. Предавањето го спроведе Тања Костова-Винарова – асистент во Управа за јавни приходи од Кавадарци.

Учениците-матуранти имаат можност да добијат појасна слика и визија за тоа што претставува данокот и која е општествената корист од плаќањето на даноците. Учениците одблиску се запознаа со: Какви видови даноци постојат?, Зошто УЈП ги собира даноците?, Каква е користа од плаќањето на данокот за сите нас? и Како и каде се плаќа данокот?.

Даночната едукација на младите треба да влијае кон елиминирање на неинформираноста на младите за потребата од плаќање на даноците, но пред се клучно е нивното запознавање со основните права и граѓански должности кои ги имаат како даночни обврзници.

## Презентација: „Развојни промени во адолесценцијата“

Во текот на учебната година, од страна на Душанка Иванова – психолог во училиштето, беше изготвена презентација на тема: „Развојни промени во адолесценцијата“. Истата, беше во електронска форма доставена до раководителите на паралелките на прва, втора и трета година, кои понатаму онлајн на своите класни часови како и родителски средби дискутираа за истата.

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ

### Патронен празник на училиштето

На 13 ноември 2020 година училиштето го чествуваше својот патронен празник. Со чувство на најдлабока почит кон делото на Добри Даскалов пред неговата спомен-биста во холот на училиштето, свежо цвеќе положија директорката и вработените, градоначалникот и претставници од Локална самоуправа и ученици од ученичката заедница на училиштето.

Одбележувањето на патрониот празник на училиштето беше со реализација на кратка културно - уметничка програма согласно протоколите за работа во услови на пандемија од КОВИД-19.

### Недела на борба против ХИВ/СИДА

Светскиот ден на борба против СИДА-та, во нашето училиште традиционално се одбележува со одредени превентивни активности. Оваа учебна година од страна на стручниот соработник - психолог Душанка Иванова, беше изготвена презентација на тема: „Превенција од ХИВ/СИДА“.

Главни цели на презентацијата беа: информирање за ХИВ инфекцијата и болеста СИДА, запознавање со начините на пренесување и заштита, зголемување на свеста за заштита од ХИВ и сексуално преносливите болести, подобрување на грижата за сексуалното и репродуктивното здравје/ зголемување на пристапот до информации од областа на сексуалното и репродуктивното здравје кај младите.

Презентацијата беше електронски доставена до раководителите на паралелките кои потоа онлајн ја реализираа на своите класни часови.

Се надеваме дека презентацијата ќе придонесе за зголемување на свеста кај учениците за ризичните облици на однесување и ќе влијае во нивниот развој на здрав животен стил.

### Презентации од учениците

Во текот на учебната година, учениците активно работеа во изготвување на флаери, презентации, текстови и постери со цел одбележување на значајни датуми. Учениците работеа под менторство на Јасминка Ризова – училиштен педагог, Богде Коцева – проф. по биологија и Елизабета Иговска – проф. по биологија. Сите едукативни материјали беа изготвени во електронска форма и поставени на веб порталот на училиштето, на платформата на Microsoft Teams, како и доставени до раководителите на паралелките за дискусија на класните часови.

Беа изготвени следните едукативни материјали за: 21 Март – Денот на пролетта, за Денот на екологијата, за 22 Март Светски ден за заштита на водите, за Светскиот ден на Туберкулозата, за Април - месецот на здравјето, за 22 Април - Денот на планетата Земја, за 5 јуни – Светски ден на животната средина, флаер за јаболкото, флаер за тиквата, презентации за коронавирус КОВИД-19, текстови за грипот и настинките, презентации за вирусите, текстови за совети за подобро здравје и подобар имунитет, како да го зајакнеме имунитетот и да останеме здрави во зимата.

## ПРОЕКТИ

**Еразмус+**
**„DIGITeachEUrope – developing digital learning environments for schools in Europe“**
Развивање дигитални средини за учење за училиштата во Европа.

И оваа учебна година се продолжи со активностите предвидени со програмата на проектот одобрени од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Координатор на проектот е Христинка Косовска, професор по латински јазик.

Проектот DiGiTeachEUrope – developing digital learning environments for schools in Europe има главна цел да ги развие дигиталните околини за учење во училиштата во Европа. Главен фокус на проектот е обука на професорите да ги подготват учениците за сегашното и идното општество и да ги оспособат активно и одговорно да учествуваат во културниот, општествениот, политичкиот, професионалниот и економскиот сегмент од животот.

Цел на проектот е развивање на соодветни материјали, алатки, апликации и отворени едукативни ресурси што би ги поткрепило наставниците да ги развијат комуникациските вештини, креативност и критичкото размислување кај учениците, како и размена на искуство и добра практика, научни, методолошки/дидактички пристап и влог.

Сите креирани отворени дигитални ресурси се објавени на официјалната веб страна на проектот. Во нив учествува професори и ученици.

**Еразмус+**
**Schools Go Digital – Mobile Assessment Tools for Students**
Училиштата се дигитализираат – Мобилни алатки за оценување на учениците.

Училиштето е партнер во проектот покрај училишта од Италија, Турција, Романија и Латвија.

Во периодот од 12 до 16 мај 2021 година, професори и ученици од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци учествуваа на виртуелна работилница во рамките на Еразмус+ проектот Schools Go Digital. Работилницата беше организирана од средното училиште ISTITUTO D'ISTRUZIONE SUPERIORE "R. PIRIA" од Италија, а на неа учествуваа ученици и од Латвија, Турција, Романија. Во рамките на овој проект се одржаа редовни проектни састаноци за планирање, организирање и координирање на активностите од имплементацијата на проектот. Координатор на проектот е Христинка Косовска, професор по латински јазик.

**Еразмус+**
**Heritage Education Learning Program – HELP**
Интеграција на културното наследство во образованието.

Училиштето е партнер во проектот покрај училишта од Португалија и Турција.

Во рамките на Еразмус+ проектот, на 2 февруари 2021 година, преку алатката Zoom Heritage Education Learning Program – HELP, се одржа видео-конференција со ученици и професори од Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци со партнерските училишта од Португалија – Agrupamento de Escolas Camilo Castelo Branco, Азорес – Escola Secundária da Ribeira Grande и Турција – Galatasaray Lisesi.

Од нашето училиште учествуваа учениците: Ангела Василевска II[4], Викторија Алексова II[5], Ангела Хаџи-Василева II[4], Ангел Милков IV[1], Витомир Јаневски III[4], Миа Мајсторчева II[5] и Соња ТрпоскаIII[4]. Тема на видео-конференцијата беше споделување на искуствата и искажување на личен став на учесниците за образованието во време на Ковид-19 пандемијата во партнерските училишта и земји, како се одвива наставниот процес, условите за учење, потешкотии и сл.

Во периодот од 26 до 28 мај 2021 година, професори и ученици од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци, учествуваа на виртуелна работилница во рамките на Еразмус+ проектот Heritage Education Learning Program – HELP.

Работилницата беше организирана од средното училиште од Португалија (Agrupamento de Escolas Camilo Castelo Branco, Vila Nova de Famalicão). Покрај нашите учесници, на неа учествуваа професори и ученици од училиштата партнери во проектот од Турција (Galatasaray Lisesi) и Азорес (Escola Secundária da Ribeira Grande, Ribeira Grande – S. Miguel – Açores).

Работилницата беше на тема: „Заеднички и инклузивни активности: зајакнување на учениците преку волонтерство и културно наследство“. На неа учествуваа: Јасмина Чулева – директор, Христинка Косовска – проф. по латински јазик, Зоран Милевски – проф. по информатика, Благородна Лазова – проф. по информатика, како и учениците: Викторија Алексова, Ангела Василевска, Кристина Ангеловска, Томе Тефов, Ангела Хаџи-Василева, Росана Камчева, Миа Мајсторчева, Витомир Јаневски и Соња Трпоска.

Во рамките на овој проект се одржаа редовни проектни состаноци за планирање, организирање и координирање на активностите од имплементацијата на проектот.

Координатор на проектот е Христинка Косовска, професор по латински јазик.

**Еразмус+**
**EUROPEAN DIGI – CLASS**.

Училиштето е партнер во проектот покрај училишта од Словачка, Турција, Романија, Унгарија и Италија.

Во рамките на овој проект се одржаа редовни проектни состаноци за планирање, организирање и координирање на активностите од имплементацијата на проектот. Учениците учестуваа во креирање на предлог - логоа на проектот што во следната година од импементација треба да учествуваат во изборот за официјално лого на проектот.

Координатор на проектот е Христинка Косовска, професор по латински јазик.

**„Заштита на правата на децата во училиштата“**

Продолжи да се спроведува проектот „Заштита на правата на децата во училиштата“. Овој проект е дел од поширокиот проект „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Р.Македонија“ кој го спроведуваше Коалиција на младински организации СЕГА, подржан од детската фондација Песталоци. Локален координатор на проектот е Младинскиот Информативен Центар „Инфо Сега“. Училиштен координатор на проектот е проф. по историја Наташа Матакова. Сите активности се реализираат со целосна поддршка на јасмина Чулева, директор на училиштето, како и со членовите од Тимот за Ресурсен пакет: Душанка Иванова – психолог, Јасминка Ризова – педагог, Васка Петкова – проф. по македонски јазик и литература и Жанета Делова – проф. по економски предмети.

**„Moodle“**

Проектот Moodle продолжи да се реализира и оваа учебна година во наставата. Проектот има за цел подобрување, унапредување и модернизирање на наставниот процес во училиштето.

„Moodle“ претставува систем за Е-учење којшто е од затворен тип и достапен само за учениците и наставниците во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“.

Системот за Е-учење Moodle го администрира Зоран Милевски, проф. по информатика.

Покрај предметните наставници коишто ја користат оваа алатка од самиот почеток, се вклучуваат и нови колеги, кои не посетувале претходна обука и на кои им се пружа потребна техничка подршка од страна на професорите по информатика.

Најчесто, наставниците изготвуваат тестови на знаења, поставуваат презентации и друг вид на материјали потребни за реализирање на наставата, квизови и сл.

**„Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“**

Целта на овој проект е заштита на животната средина и нејзина интеграција во воспитно-образовниот систем. Оваа програма ја спроведуваат Здружението на граѓани ОХО, Министерството за образование и наука и Швајцарската агенција за развој.

Согласно програмата: „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем “ во текот на учебната година беа реализирани следните онлајн активности кои беа поставени на веб порталот на училиштето и на платформата Microsoft Teams:

- Изготвување Флаер на тема: „Јаболкото - чувар на Вашето здравје“,
- Подготвување Power point презентации за 22 април – Денот на планетата Земја,
- Изработка на Power point презентации за 22 Март – Светски Ден на водата,
- Изработка на Power point презентации за 5 јуни,
- Изработка на Power point презентации за 7 април – Денот на здравјето,
- Изготвување Постери за Денот на планетата Земја,
- Изготвување Постери за денот на здравјето,
- Подготвување Power point презентации за Вируси, Ковид-19,
- Изготвување Флаери за Водата,
- Изготвување Флаери за Тиквата,
- Изготвување Текст на тема: „Совети за подобро здравје и подобар имунитет“,
- Изготвување Текст на тема: „Како да го зајакнеме имунитетот и да останеме здрави во зимата“,
- Изготвување Power point презентации за 21 Март – Денот на пролетта и екологијата,
- Изготвување Power point презентации за 24 Март – Светскиот Ден на туберкулозата.

Проектот е наменет да се подобри изгледот на околината во која учиме и работиме, да се развие еколошката свест, како и грижа и чување на околината од страна на учениците.

Оваа програма ја опфаќа и Кампањата на тема: „Здрава храна за живот без мана“ во која учениците активно се вклучуваат со свои идеи и предлози за реализирање на мини проекти или активности поврзани со здравата исхрана. Согласно програмата формиран е и Еко одбор во кој што членуваат ученици, родители, стручна служба и наставници, каде што претседател е директорот на училиштето. Училиштен координатор на целата еколошка програма е проф. по биологија Богде Коцева.

Во сите онлајн активности активно учество земаа учениците од прва, втора, трета и

четврта година, под менторство на: Јасминка Ризова – училиштен педагог, Богде Коцева – проф. по биологија и Елизабета Иговска – проф. по биологија.

**Проект „Советување на родители - родителска школа“**

Во рамки на проектот „Советување на родители-родителска школа“ во текот на учебната година беа одржани едукативни советодавни средби со 8 родители на ученици поради нередовност, неуспех во наставата и несоодветно однесување. Советодавните разговори се реализираа и со учениците кои имаат над 10 неоправдани изостаноци и 3 или повеќе слаби оценки. Советувањето на родители го реализира стручниот соработник Душанка Иванова-психолог во училиштето.

**„Проект за меѓуетничка интеграција во образованието“**

Овој проект продолжи да се реализира во нашето училиште. Целта е кај учениците од различна етничка, полова и социјална структура да се развие кретивно изразување и поврзување, запознавање со културата на другите етнички заедници, надминување на родовите, етничките и социјалните предрасуди и стереотипи.

Проектот го спроведува УСАИД во соработка со партнер организациите Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) и Македонски Институт за Медиуми (МИМ).

Со овој проект ќе се реализираат повеќе активности, како на пример::

- Планирање на активностите за МИО во Годишната програма на училиштето;
- Вметнување на активности за МИО во годишните и тематските планирања на наставниците;
- Вклучување на родители, ученици и наставници во МИО активностите.

Одговорни наставници за спроведување на активностите од овој проект се: Блашко Клинчаров – проф. по спорт и спортски активности, Александра Петреска – проф. по англиски јазик, Драган Вељковиќ – проф. по музичка уметност, Соња Попова – проф. по математика и Александра Амишева – проф. социологија.

**Проект „Право на додаток на образование“**

Правото на додаток за образование за учениците Министерството за труд и социјална политика го обезбедува во соработка со Министерството за образование и наука, односно со основните и средните училишта на начин што училиштата потврдуваат редовност на ученикот преку внесување на податоци во електронскиот систем на МТСП. Одговорно лице од нашето училиште за внес на редовноста на учениците е стручниот соработник-психолог Душанка Иванова.

Додаток за образование се обезбедува заради покривање на дел од трошоците на домаќинството поврзани со образованието на децата, во зависност од материјалната состојба на домаќинството, како и за корисници на гарантирана минимална помош во согласно Законот за социјална заштита.

Во текот на првото полугодие право на додаток на образование од нашето училиште остваруваа 12 ученици. Учениците имаа присуство на најмалку 85% од вкупниот број на реализирани наставни часови за прв и втор мерен период. Со сите ученици се водени разговори за важноста од редовно посетување на наставата во училиштето.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ

**Одржана Првата конститутивна седница на Ученичкиот парламент**

По изборот на класни заедници кој се изврши во текот на месец октомври, на 3 декември 2020 година, се одржа Првата конститутивна седница на Ученичкиот парламент за учебната 2020/2021 година. Поради новонастанатата сосотојба предизвикана од пандемијата со коронавирусот Ковид-19, оваа учебна година Конститутивната седница на Ученичкиот парламент се одржа онлајн на платформата Microsoft Teams. На седницата присуствуваа новоизбраните претседатели и заменици претседатели на класови во учебната 2020/2021 година.

На Првата конститутивна седница присутните беа запознати со функцијата и структурата на Ученичкиот парламент, како и за начинот на избор на претседател, заменик претседател и секретар на Ученичкиот парламент во нашето училиште.

Формирањето на Ученички парламент се врши во рамките на проектот „Дете правобранител“ кој е дел од поширокиот проект „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“ на Коалиција на младински организации СЕГА, поддржан од детската фондација Песталоци. Овој проект во нашето училиште се реализира од 2011 година и предвидува демократски модел на избор на Ученички парламент преку тајно гласање.

На седницата беше објавен повик за избор на претседател и заменик - претседател на Ученичкиот парламент. На присутните им беше соопштено дека огласот е отворен од 03.12.2020 година до 09.12.2020 година, а сите заинтересирани кандидати треба да пополнат онлајн Пријава и да ја достават до Дете правобранителот Софија Секуловска, како и да изготват Програма преку која ќе се претставатпред Ученичкиот парламент.

Седницата ја водеше ученичката Софија Секуловска од четврта година, а на седницата присуствуваа членовите на Ученичкиот парламент и наставниците кои се членови на Ресурсниот пакет во рамките на гореспоменатиот проект: Јасмина Чулева - директор, Наташа Матакова - проф. по историја, Душанка Иванова - психолог, Јасминка Ризова - педагог, Жанета Делова - проф. по економски предмети и Васка Петкова - проф. по македонски јазик и литература.

**Избран Претседател и Заменик претседател на на Ученичкиот парламент**

На 10 декември 2020 година, онлајн на платформата Microsoft Teams, се одржа втората седница на Ученичкиот парламент за избор на претседател и заменик претседател на Ученичкиот парламент за учебната 2020/2021 година. За изборот се пријавија двајца кандидати, ученичката Софија Маркова и ученикот Александар Стојанов и двајцата од IV 5 клас.

Учениците се претставија пред присутните со програма за работа на Ученичкиот парламент и ги истакнаа причините кои ги мотивирале да аплицираат за оваа функција. По извршеното претставување, присутните имаа можност да гласаат на e-mail во времетраење од десет минути.

Откако присутните гласаа на дадениот е-маил гласовите беа пребројани од комисија составена од Децата правобранители и членови на Ресурсниот пакет. Од пребројаните гласови се констатира дека ученичката Софија Маркова освои поголем дел од гласовите со што беше избрана за Претседател на Ученичкиот парламент, а второрангираниот ученик Александар Стојанов беше избран за Заменик - претседател.

Седницата ја водеше ученичката Софија Секуловска, а на седницата присуствуваа членовите на Ученичкиот парламент и наставниците кои се членови на Ресурсниот пакет. Формирањето на Ученичкиот парламент се врши во рамките на проектот „Дете правобранител“ кој е дел од поширокиот проект „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“ на Коалиција на младински организации СЕГА, подржан од детската фондација Песталоци. Овој проект во нашето училиште се реализира од 2011 година и предвидува демократски модел на избор на Ученички парламент преку тајно гласање.

На седницата на присутните им се обрати директорката на училиштето Јасмина Чулева, која упати честитки до претседателот и заменик претседателот, а воедно им посака и успешна работа. Исто така, на крајот од седницата на учениците им се обрати и стручната служба на училиштето, Јасминка Ризова – педагог и Душанка Иванова – психолог. Истите, упатија честитики до избраните ученици, а на нив, и на останатите ученици им посакаа пред сѐ, добро здравје и многу успех во учењето и работата.

**Санитарни прегледи за вработените**

На 16 декември 2020 година, во нашето училиште се реализираа санитарни здравствено - хигиенски прегледи за сите вработени во гимназијата. Санитарните прегледи (брис од нос и грло), беа спроведени од страна на Заводот за здравствена заштита – Микробиологија од Кавадарци.

**Интернационален натпревар Дабар 2020/2021**

Во периодот од 5 до 26 февруари 2021 година, 374 ученици од прва, втора, трета и четврта година, под менторство на професорите по информатика Зоран Милевски и Благородна Лазова, земаа активно учество на Интернационалниот онлајн натпревар Дабар 2020. Учениците решаваа логички задачи од различни области, а на крајот добија соодветни Сертификати за учество на натпреварот.

**Систематски прегледи за учениците**

Во периодот од 08.03.2021 година до 01.04.2021 година се реализираа задолжителните систематски прегледи за учениците од прва и трета година. Според однапред изготвен распоред по датум, ден и паралелка, учениците го направија својот бесплатен и задолжителен систематски преглед. Учениците прегледот го реализираа во Службата за превентивна здравствена заштита на ученици и младинци во Кавадарци, кај д-р. Елена Бошкова – доктор по општа медицина. Покрај редовниот преглед, со учениците е спроведена и здравствена едукација со актуелна здравствена проблематика.

**Состанок со Ученичкиот парламент**

На 11 март 2021 година, онлајн на платформата Microsoft Teams се одржа третата седница на Ученичкиот парламент на која се дискутираше за изведувањето и квалитетот на онлајн наставата во нашето училиште. На седницата психологот во нашето училиште Душанка Иванова, ја презентираше анкетата која ќе биде испратена во електронска форма до учениците. Истата, ќе биде анонимна, а од добиените резултати би се вреднувал

квалитетот на онлајн наставата во нашето училиште, а ќе се добијат и други потребни податоци поврзани со воспитно-образовниот процес.

Седницата ја водеше претседателот на Ученичкиот парламент Софија Маркова, а на истата присуствуваа членовите на Ученичкиот парламент и наставниците кои се членови на Ресурсниот пакет.

**Спортска активност под мотото: „Со или без велосипед“**

На 19 мај 2021 година, за учениците од прва, втора, трета и четврта година, се одржа настан со спортска активност под мотото: „Со или без велосипед“. Оваа спортска активност се реализираше на историскиот локалитет „12 Другари“ во Ваташа, со возење велосипеди и пешачење по кејот на реката Луда Мара и новата велосипедско-пешачка патека. Настанот беше проследен со сите безбедносни и епидемиолошки мерки. Се реализираше и изложба на стари велосипеди (олдтајмери), како и богата лотарија. Главната награда беше велосипед. Овој спортски настан беше во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија во соработка со Општинскиот сојуз на училишен спорт од Кавадарци. Истиот, беше во знакот на одбележувањето на „Отворената училишна спортска недела“ во периодот од 17 мај до 21 мај 2021 година.

**Дополнителни активности на Економско-правниот актив**

Во текот на учебната година, од страна на економско-правниот актив, беше изработен рекламен материјал за презентација на економско-правна и трговска струка, кој беше проследен и објавен на социјалните мрежи.

Исто така, во училиштето беше спроведена една хуманитарна акција за собирање финансиски средства за лекување на едно тригодишно девојче во Р.Словенија.

**Активности на предметните наставници по спорт и спортски активности**

Во текот на учебната година, Блашко Клинчаров – проф. по спорт и спортски активности, реализираше активност пешачење со учениците до Моклиште во месец октомври 2020 година, во месец ноември 2020 година реализираше активност пешачење со учениците до Моклишко езеро, во месец декември 2020 година реализираше активност пешачење со учениците до Овчка Река и во месец мај 2021 година реализираше активност со учениците, возење велосипеди и пешачење до 12-те Ваташки Младинци по повод неделата на спортот.

Во текот на учебната година, Илија Шиков – проф. по спорт и спортски активности, ги реализираше следните активности со учениците: Пешачење до месноста Моклиште во месец октомври 2020 година, пешачење до месноста Моклиште во месеците Февруари, Март, Април, Мај и Јуни 2021 година, пешачење до регионот Љубаш во месец Јуни 2021 година, возење велосипеди и пешачење до 12-те Ваташки Деца/Другари по повод неделата на спортот во месец мај 2021 година, возење велосипеди и пешачење до Моклишка воденица во месец Април и Мај 2021 година и пешачење по Катунишка планинарска патека во месец Март, Април и Мај 2021 година.

## Активности на активот по Спорт и спортски активности

Во текот на учебната година, активот по спорт и спортски активности, со учениците ги реализираше следните активности: во месец март 2021 година вежби во природа, во месец април 2021 година пешачење во природа, во месец мај 2021 година возење велосипеди и пешачење до 12 Ваташки Младинци по повод неделата на спортот.

## Здравствено воспитување

Во однос на грижата и здравјето на учениците, а согласно програмата „Образование за животни вештини" на класните часови и на часовите од други наставни предмети се дискутираше и разговараше за теми поврзани со здравјето на луѓето, хигиената, превенција од заразни болести, здрава исхрана и сл.

Од страна на стручната служба, Јасминка Ризова - педагог и Душанка Иванова - психолог, беше изготвен текст за дискусија на класните часови на тема: „Грип – превенција и лекување".

## Состаноци

Како и претходните учебни години, така и оваа учебна година се одржаа повеќе состаноци на ниво на училиште: Наставнички совети, совети на паралелките, состаноци со раководителите на паралелките, со претседателите на стручните активи, со менторите на проектните активности, слободните часови и содржините програмирани од училиштето, со стручната служба, со учениците, со ученичката заедница, со комисии за патронен празник, со комисии за државна матура, состаноци со предметни наставници кои се вклучени во разни проекти и сл.

Состаноците беа со различен дневен ред во зависност од периодот и активностите што произлегуваа и следуваа. Состаноците ги водеше раководниот орган на училиштето во присуство на помошник директорот и стручната служба. Поради пандемијата предизвикана од коронавирусот КОВИД-19, состаноците се одржуваа онлајн преку видео конференциска врска на ZOOM.

## Минување на наставниот материјал

Наставниот материјал се минуваше според годишните планирања и тематските планирања на наставниците по скратените наставни програми од Бирото за развој на образованието. Направени се планираните повторувања, вежби, тестови на знаења и писмени работи.

Поради состојбата со пандемијата од коронавирусот КОВИД-19, реализацијата на наставата и оваа учебна година од 01.10.2020 година се спроведуваше преку далечинско учење, односно учење од дома со примена на средствата за електронска комуникација, односно примена на платформата Microsoft Teams. Наставниот час траеше 35 минути.

Наставниците применуваа повеќе методи и техники за оценување на учениците, како на пример: дискусии, презентации, домашни задачи, контролни вежби, изработка на проекти, тестови на знаење, мултимедијални презентации, квизови, редовност на онлајн часовите, исполнителност, ангажираност, соработка, ученичко портфолио.

Активностите на наставниците се реализираат преку: давање задачи, поставување текст, задавање вежби, споделување линкови кон литература и интернет страници, креирање презентации, користење е-учебник, изработка на тестови на знаења, водење дискусии, квизови и сл.

**Реализација на Проектни активности, Слободни часови и Содржини програмирани од училиштето**

Од искажувањата на менторите и од доставените извештаи, реализацијата на проектните активности, слободните часови и содржините програмирани од училиштето се спроведуваше согласно Планот и програмата. Сите ученици во предвидениот рок ги завршија и реализираа своите активности и трудови.

**Феријална практика**

Согласно новиот Наставен план донесен со Решение на Министерот за образование и наука број 13-6559 /1 од 11.06.2019 година, застапено е подрачјето „Практична обука“ и Практично образование“. Практичната обука и практичното образование се подрачја кои имаат исто значење, но во Наставните планови за образованието за занимања и техничкото образование се среќаваат со различен назив.

Во зависност од струката/секторот, профилот/квалификацијата, видот и нивото на стручното образование и обука, практичната обука се реализира низ следниве форми: практична настава, учење преку работа кај работодавач, феријална и професионална практика.

Во нашето училиште Феријалната практика се реализираше во согласност со Упатството за феријална практика бр. 01-138/1 од 05.02.2020 година донесено од Центарот за стручно образование и наука. Феријалната практика се реализираше 10 работни дена, и тоа во периодот од 14.06.2021 година до 28.06.2021 година.

Согласно новиот Наставен план и програма за реформирано модуларно дизајнирано стручно образование, феријалната практика ја реализираа учениците од I (прва) и II (втора) година, струка/сектор: Економија, Право и Трговија. Одговорни лица за Феријалната практика се: Координатор, Трајче Тодоровски – проф. по економски предмети и одговорните наставници: Проф. по правни предмети, Татјана Ралевска за I (прва) и II (втора) година, образовен профил Правен техничар и проф. по економски предмети Жанета Делова за I (прва) и II (втора) година, образовен профил Економски техничар.

Вкупно ученици што ја реализираа ферijалната практика се 80. Од нив, во I (прва) година се 33 ученици, од кои 18 ученици се од образовен профил Економски техничар, а 15 ученици се од образовен профил Правен техничар. Во II (втора) година се вкупно 47 ученици, од кои 30 ученици се од образовен профил Економски техничар, а 17 ученици се од образовен профил Правен техничар.

Врз основа на склучен Меморандум со Општина Кавадарци - Локална Самоуправа, како и склучен договор помеѓу ученикот, училиштето и Општина Кавадарци - Локална Самоуправа, учениците ферijалната практика ја реализираа во институциите и јавните препријатија што се во надлежност на Општина Кавадарци. Оние ученици што не живеат на подрачјето на Кавадарци, ферijалната практика ја реализираа во подрачјето на општината во која што живеат согласно со Упатството за феријална практика.

Ферijалната практика се реализираше во следниве институции и јавни претпријатија: Општина Кавадарци - Локална Самоуправа, СОУ „Киро Спанџов-Брко“ Кавадарци, ООУ „Тоде

Хаџи-Тефов“ Кавадарци, ООУ „Димката Ангелов - Габерот“ Кавадарци, ООУ „Гоце Делчев“ Кавадарци, СОЗШУЦ „Ѓорче Петров“ Кавадарци, ООУ „Гоце Делчев“ Неготино, Општина Росоман - Локална Самоуправа, ООУ „Тошо Велков - Пепето“ Кавадарци, Општина Неготино - Локална Самоуправа, Музеј Неготино - Општина Неготино, ЈП „Комуналец“ Кавадарци, Градска библиотека „Феткин“ Кавадарци, ООМБУ „ Лазо Мицев-Рале“ Кавадарци, ЈП „Паркинг“ Кавадарци, Локален музеј - Галерија Кавадарци, ЈП Спортска сала „Јасмин“ Кавадарци и Домот на културата „Иван Мазов - Климе“ Кавадарци.

**Изречени педагошки мерки**

Изречено има 5 педагошки мерки на 5 ученици од четврта година на крајот од третото тримесечје во учебната 2020/2021 година.

Педагошките мерки се изречени согласно Правилникот за изрекување педагошки мерки. Причина за нивното изрекување е нередовноста на учениците во онлајн наставата.

| Р.бр. | Година/паралелка | Име и презиме | Неоправдани | Педагошка мерка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | IV-4 | Стојан Ристов | 12 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 2. | IV-6 | Блаже Митрев | 12 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 3. | IV-6 | Слободан Дојовски | 12 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 4. | IV-6 | Марио Андонов | 16 | Писмена опомена од Совет на паралелка |
| 5. | IV-6 | Виктор Стојков | 19 | Писмена опомена од Директор на училиштето |

**Изготвување едукативни и промотивни материјали**

Во текот на учебната година беа изготвени следните материјали:

- Правилник за однесување на ученици и наставници во училиштето дополнет со реализација на наставата со физичко присуство во услови на пандемија,
- Кодекс за однесување на наставниците за настава со физичко присуство во услови на пандемија од КОВИД-19,
- Кодекс за однесување на ученици за настава со физичко присуство во услови на пандемија од КОВИД-19,
- Куќен ред за наставници за реализација на редовна настава и настава во услови на пандемија од КОВИД-19 со физичко присуство на учениците,
- Куќен ред за ученици за реализација на редовна настава и настава во услови на пандемија од КОВИД-19 со физичко присуство на учениците,
- Кодекс за однесување на ученици за настава со учење на далечина,
- Статистички извештаи за Државен завод за статистика Велес,
- Табеларни прегледи, статистички извештаи, анкети и прашалници за работата на

училиштето за потребите на други институции, МОН, БРО, ДПИ, ЛС, ЦСОО, ДИЦ, по однос на разни прашања,

- План за одржување дополнителна и додатна настава,
- Распоред за запишување на часовите во дневниците на паралелките за дополнителна и додатна настава,
- План за ментори на проектни активности, слободни часови и содржини програмирани од училиштето,
- Распоред за запишување на часовите на проектни активности, слободни часови и софржини програмирани од училиштето,
- Распоред за запишување на часовите од изборните предмети во дневниците на паралелките,
- Распоред на простории за одржување онлајн настава за наставници,
- Флаери за интеграција на Еколошката програма,
- Текст за работа на класен час на тема: „Како да го зајакнеме имунитетот и да останеме здрави во зимата“,
- Извештај за Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот од првото тримесечје во учебната 2020/2021 година,
- Покана за патрониот празник на училиштето,
- Текст за работа на класен час на тема: „Грип – превенција и лекување“,
- Текст за работа на класен час на тема: „Свети Климент Охридски“,
- Текст за работа на класен час на тема: „Совети за подобро здравје и подобар имунитет“,
- Флаери за термини и рокови за учениците од четврта година за полагање на Државна матура 2020/2021,
- Флаери за подобрување на менталното здравје,
- Флаери за промоција на училиштето,
- Презентации за Коронавирусот КОВИД-19,
- Презентации, флаери и постери за одбележување на значајни датуми (Денот на екологијата, Денот на пролетта, Светскиот Ден на туберкулозата, Светскиот Ден на водата, Светскиот Ден на планетата Земја, Светскиот Ден на здравјето, Светскиот Ден на заштита на животната средина

## Истражувања

Во текот на месец март 2021 година, стручната служба во училиштето Душанка Иванова – психолог и Јасминка Ризова – педагог, заедно со директорот на училиштето Јасмина Чулева, спроведоа онлајн анкета за учениците од прва, втора, трета и четврта година на тема: „Испитување на перцепцијата на учениците за реализацијата на онлајн наставата во учебната 2020/2021 година.

Анкетата беше анонимна, а учениците ја пополнуваа електронски преку Google Forms.

## Неработни денови во текот на учебната година

Во текот на учебната 2020/2021 година неработни денови беа следните:

- 12.10.2020 година (понеделник) Државен празник Ден на народното востание,
- 23.10.2020 година (петок) Државен празник Ден на Македонската револуционерна борба,
- 13.11.2020 година (петок) Патронен празник на училиштето,
- 08.12.2020 година (вторник) Државен празник „Свети Климент Охридски“,
- 30.04.2021 година (петок) Верски државен празник, Велики Петок,
